# Рушење на бариерите - носење промени

## Студии на случаи на градење учество на луѓето кои живеат во сиромаштија



EAPN
EUROPEAN ANTI POVERTY NETWORK

ЕВРОПСКА МРЕЖА ЗА БОРБА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА
RÉSEAU EUROPÉEN DES ASSOCIATIONS DE LUTTE
CONTRE LA PAUVRETÉ ET L'EXCLUSION SOCIALE
SQUARE DE MEEÛS, 18 – 1050 BRUSSELS
TEL : 0032 2 226 58 50 – FAX : 0032 2 226 58 69
Email : team@eapn.eu

# Рушење на бариерите - носење промени

# Студии на случаи на градење
# учество на луѓето
# кои живеат во сиромаштија

Европска мрежа за борба против сиромаштијата. Дозволено печатење, под услов да се наведат изворот на текстот. **Јануари 2012 год.**

Оваа брошура е поддржана од страна на Генералниот Директорат за вработување, социјална работа и еднакви можности при Европската Комисија.

Финансирањето е обезбедено од Програмата за вработување и социјална солидарност ПРОГРЕС на Европската Унија (2007-2013).

За повеќе информации: http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=327&langId=en

Информациите во ова издание не значи дека ги одразува позицијата или мислењата на Европскта Комисија.

# Содржина

1. Вовед

2. Реобликување на демократијата за еда кохезивна социјална Европа 3

3. **ЕАПН Австрија:** Информираност – Нека стане видлива – Не срамете се! Работа со медиумите за чувствително известување за сиромаштијата Poverty-Sensitive Reporting
4. **ЕАПН Република Чешка:** Прва чешка национална средба на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија

5. **ЕПН Франција:** Активности на политиките за справување со сиромаштијата и ексклузијата: од консултирање до општа согласност

Воведување на социјалните инструменти и методи на Отворениот медот за координација на национално и регионално ниво

6. **ЕАПН Ирска:** Поддршка на учеството во Националниот форум за социјална инклузија
7. **ЕАПН Полска:** Тестирање на климата со учество:

8. **ЕАПН Португалија:** Национален совет за консултирање на луѓето кои живеат во сиромаштија –Носење директно учество во работењето на мрежата
9. **ЕАПН Шпанија:** Локални и регионални активности за учество на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија
10. **Алијанса против сиромаштијата:** Проектот *Докази, учество, промена*

– Практикување на учеството во Шкотска

# 11

11. **Центар за невработени на Дербишир:**

Ништо за нас – без нас

Ангажирање на невработените лица во кампањите и давањето услуги

# 12

12. **ATD Fourth World:** Развивање на пристап со луѓето кои живеат во сиромаштија

The Fourth World People's Universities и интрeграцијата на знаењето

13. **AGE Платформа Европа/ AGEPlatform Europe:** 'INCLUSage' („Инклузија на старите лица") – Проект кој расправа за потребите на старите лица

14. **Eurochild:** На децата и младите им се дава право на глас за изразување на своето мислење
15. **Eurodiaconia:** Развивање на избор од инструменти за учество и охрабрување на корисниците на услуги
16. Клучни пораки од студиите на случаи
17. Корисни ресурси и инструменти за дополнителна литература

# ВОВЕД

### Зошто работиме на учеството?

Во 2009 год. ЕАПН ја објави брошурата *Мали чекори – големи промени*, градење учество на луѓето кои живеат во сиромаштија. Тоа издание прикажа 10 студии на случаи за начинот на кој организациите низ Европската Унија градат модели за директно вклучување на луѓето кои живеат во сиромаштија при креирањето политики во проектите и во организациите. Земајќи го предвид фактот дека не постои еден единствен и најдобар модел  за зајакнување на учеството и дека во секој пристап учеството им дава дополнително значење на поединците,

организациите, креаторите на политики и демократијата, ова прво издание мотивираше многу организации да ја увидат својата позиција во поглед на прашањево и кој пристап би го развиле што ќе ѝ одговара на нивната реалност.

*Мали чекори – големи промени* излезе два пати од печат и беше широко дистрибуирана. Членови на ЕАПН ја преведоа и ја користеа за промовирање на активностите за учество на национално ниво помеѓу своите членови и партнери, како и со донесувачите на одлуки. Исто така, брошурата беше спомената и во истражувањето поврзано со учеството. Во текот на Европската година 2010 за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија, членовите на ЕАПН и партнерите организираа многу активности кои се сконцентрираа на директно учество на луѓето кои живеат во сиромаштија, вклучувајќи и тестирајќи пристапи опишани во книгата. Брошурата е оценета како многу корисна и практична.

**Рушење на бариерите – носење промени**

Земајќи ја предвид оваа позитивна оценка, го промовираме ова ново издание, *Рушење на бариерите – носење промени* со 15 нови студии на случаи од членките на ЕАПН кои наведуваат нови успеси во оваа работа, одредувајќи каде се наоѓаме во процесот и прикажувајќи мотивирачки пристапи за изградба на учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија кои имаат директно искуство во сиромаштијата и социјалната ексклузија.

Студиите на случаи ги разгледуваат прашањата со кои се соочија членките на ЕАПН додека работеа на зајакнување на учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија. Овие прашања го вклучуваат и следново: Зошто да се вклучат луѓето кои живеат во сиромаштија во дијалог со креаторите на политики? Која им е улогата на социјалните професионални лица, социолози, политички претставници, даватели на услуги, проект лидери и менаџери на НВО? Како ова учество ја менува ЕАПН како мрежа и нејзините членови? Зошто е приоритет искуството на членовите имаат директна и bottom-up анфажираност? Какви структури се воспоставени за континуирано ангажирање на луѓето со директно искуство? Како директното учество го менува процесот на донесување одлуки? Како може да се развие учеството на луѓето со директно искуство во сиромаштијата при работа со медиумите или при развивањето односи со локалните власти? Какви исходи од политиките откриваат овие студии на случаи?

Учеството следи слична структура, ги прикажува стојалиштата зошто организациите работат на учество; потоа воведува контекст, краток опис на пристапот, што функционирало добро и кои лекции се научиле, како и влијанието врз организациите. Секое учество е надополнето со сведоштва на луѓе кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија, вклучени во овие пристапи.

**Фокусот на студиите на случаи во ова издание**

ЕАПН Австрија ги објавува резултатите од овој проект сконцентрирајќи се на сиромаштијата во медиумите, здружувајќи ги луѓето кои живеат во сиромаштија заедно со новинарите со цел да се смени начинот на претставување на сиромаштијата во медиумите. Подразбира активности за зголемување на свеста, инструменти, активности за обука и награди за медиумите кои ги дава членството.

ЕАПН Република Чешка ги прикажува искуствата во организирање на првата национална средба на луѓето кои живеат во сиромаштија, која го оцени влијанието на Националниот акционен план за социјална заштита и социјална инклузија. За подготовката и организацијата на средбата, мрежата беше поттикната од другите мрежи на ЕАПН.

ЕАПН Франција ја претставува работата која се врши во рамките на еден европски проект чиј интерес се употреба на инструментите на социјалниот ЕУ Отворен метод на координација на регионално и национално ниво и завршната книга со препораки.

ЕАПН Ирска се навраќа на важноста од подготвувањето и следните фази во ангажирањето на луѓето кои живеат во сиромаштија во националниот Социјален форум за инклузија кој се оддржува секоја година во Ирска. Исто така ја разгледува оценката на оваа ангажираност и аспектите што треба да се подобрат со цел ова учество да има охрабрувачки карактер и да изврши влијание.

ЕАПН Полска и ATD Полска црпат од ATD Fourth World People’s Universities и Европските средби на луѓето кои живеат во сиромаштија за организирање на прва средба помеѓу луѓето во сиромаштија и креаторите на политики на локално ниво во областа Урсинов, Варшава. Тие ги разгледуваат трансформациите низ кои минуваат НВО и креаторите на политики при започнувањето дијалог и потребната основна вредност за надградба на таквите пракси.

ЕАПН Португалија се сконцентрира на институционализирање на директното учество во рамките на мрежата низ новоформираниот Националниот совет за консултирање на луѓето кои живеат во сиромаштија. Студијата на случај детаљно ги разгледува процесите и развојните улоги на луѓето кои се дел од Советот како и развојната улога на Советот во рамките на мрежата.

ЕАПН Шпанија ни претставува две студии на случаи. Првата анализира партиципативни практики во Баскија и потребните промени идентификувани во оваа анализа. Втората студија на случај го следи вклучувањето на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија при оценување на втората регионална програма за социјална интеграција во Кастиља – Ла Манча.

Членката на ЕАПН Обединето Кралство од Шкотска – Алијанса за борба против сиромаштијата го претставува проектот *Докази, учество, промена* чија цел е воведување на партиципативно креирање политики во Шкотска низ обука, партиципативно истражување и партиципативни форуми во кој се здружуваат креаторите на политики заедно со луѓето кои живеат во сиромаштија, заедницата и волонтерските групи.

Центарот за невработени на Дербишир, член на ЕАПН која исто така е дел од мрежата на ЕУ, го воведува вклучувањето на луѓето кои живеат во сиромаштија во раководење со центрите, давање услуги и заедничко водење кампањи со невработените лица на кои им е прекината социјалната помош.

AGE Платформа Европа се сконцентрира на резултатите од проектот INCLUSAGE („Инклузија на старите лица“) која се грижи како се консултираат националните влади и креатори на политики со постарите лица кои живеат во сиромаштија и/или разни форми на ексклузија и има развиено Водич за граѓански дијалог за промовирање на социјалната инклузија на старите лица.

Студијата на случај на ATD Fourth World го разгледува богатството во размената и интреграцијата на знаењето на луѓето кои живеат во крајна сиромаштија и истражувачите низ универзитетите на Fourth World People.

Eurochild прикажува две студии на случај. Најпрвин се фокусира на напорите на мрежата за вклучување на децата и младите во кампањата *Крај на детската сиромаштија* во текот на Европската 2010 година за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија. Втората ја вклучува членката на англиската Eurochild Активирање на детскиот пристап за инволвирање на децата и младите во регрутирањето персонал и избор на политиките и на кој начин тоа ја менува организацијата.

Eurodiaconia го објави својот Збир од инструменти за учеството и поттикнувањето на корисниците на услуги, наведувајќи го процесот на инволвирање членови во развојот на Збирот од инструменти, исходите од него и начините на кои се користи.

**Агенда за активно учество**

Првото поглавје се сконцентрира на проценката на ЕАПН за нашата позиција во процесот на градење директно учество на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија и предлага агенда за ефикасно учество. Започнува со визијата за учество на ЕАПН, истражувајќи ги врските помеѓу учеството, нееднаквостите и демократијата. Потоа ги разгледува практичните чекори кои ги направивме досега вклучувајќи сè повеќе луѓе во организациите за борба против сиромаштијата и изградба на култура за партиципативно креирање политики. И конечно, идентификува агенда за ефикасно учество која би довела до создавање поеднакви и покохезивни општества.

Завршното поглавје се заснова на заедничките пораки од студиите на случај, научените лекции и добрите пракси кои ги развиваат организациите учеснички, од една страна, а од друга страна привлекувајќи го вниманието на области кои треба да се подобрат. Овие вклучуваат посветеност на највисоко ниво, давајќи му значење на учеството за да се избегне разочарување, го истакнуваат процесот и следните фази, колективното оспособување - вреднувајќи ја врската меѓу креирањето политики, допирајќи до нови групи и фокусирајќи се најразлични форми на сиромаштија, градење алијанси со медиумите и развој на нови инструменти.

Се надеваме дека ова издание ќе донесе нова енергија и ќе поттикне нови промени во одборот, помагајќи им на сите актери да преземат нови чекори за изградба на попартиципативни организации, политики и едно подемократско општество ширум Европа.

Уживајте во читањето,

Тања Басараб
tanya.basarab@eapn.eu

## Реобликување на демократијата за една покохезивна социјална Европа

### Зошто работиме на учеството?

Учеството има значење само кога спроведува демократија на учество и обезбедува ефикасно влијание врз развивањето на јавните политики.

**Марија Јелиазкова,** ЕАПН Бугарија, Генерално собрание ЕАПН 2011

**Партиципативната демократија во одбрана на јавното добро – визија за учеството на ЕАПН**

Членките на ЕАПН се особено свесни дека учеството е комплексно прашање. Како што рече и самата Марија Јелиазкова на генералното собрание на ЕАПН во 2011 год., „*Социјалниот свет е толку сложен што учеството може да се јави во разни видови и форми. Под учество се подразбира и уништување на социјалниот свет.*" Свесни за комплексностите кои произлегуваат, ЕАПН промовира форми на учество кои спроведуваат демократија на учество и гарантираат дека граѓаните ефикасно ќе влијаат на објаснувањето на политиките од јавен карактер за јавното добро. Ова значи учество во политичкиот процес за донесување одлуки во поглед на акумулирањето и прераспределбата на државни ресурси како и при контролирањето на спроведувањето на одлуките, вклучувајќи го локалниот, националниот и јавниот буџет на ЕУ. ЕАПН бара зајакнување на учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија на начин на се однесува и се развива кој мрежата.

Тековните форми на демократија не обезбедуваат доволна граѓанска контрола и влијание на политичкиот процес во донесувањето одлуки. Растечките нееднаквости и поларизацијата ја сконцентрира моќта на донесувањето одлуки кај помалку лица и доведе до губење на демократијата, што се одразува во зголеменото ниво на сиромаштијата и социјалната ексклузија, под притисок на животните стандарди, во растечки тензии и конфликти, како и во порастот на потесни форми на национализам и зголемено ниво на расизам. Немањето демократија претставува клучен фактор кој придонесува за економската, социјалната и политичката криза, толку доминантна во нашата сегашна реалност. За ЕАПН значајното учество, вклучувајќи го и учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија преку заживувањето на старите форми и

развојот на нови пракси во демократијата на учество претставува суштинска компонента за избавување од кризата.

Треба да си ги научиме лекциите од минатото, да видиме како учеството низ синдикалното членство и активното ангажирање во асоцијациите и политичките партии направи неопходното граѓанско учество да влијае врз директните и постојани одлуки проврзани со прераспределба на приходот и создавање на помека правна регулатива заснована на правата која ги формираа темелите на нашата социјална држава. Ни треба заживување на овој вид учество, свесно насочен кон обезбедување поодржлива и правична употреба на ресурсите достапни за обезбедување на пристап до добар живот за сите. Требаше да излеземе надвор од традициите развиени во Европа и да научиме и имплементираме нови пракси во партиципативната демократија со што ќе ги охрабриме граѓаните и ќе го зајакнеме доброто водство како што е партиципативното буџетирање[1] што може да придонесе во политиките за услугите на луѓето преку одржлив и правичен раст. Работата на ЕАПН на учеството има за цел да придонесе во развојот на таквото учество кое може да ги трансформира тековните политички приоритети и да спречи создавање притисок врз човековите права, што доведува до огромни штети врз животот и здравјето на луѓето и планетата.

Во претставувањето на оваа /визија за учеството, ЕАПН е свесна дека и покрај очигледната потреба за зголемување на партиципативната демократија и покрај трендот за изразување во клучните политички документи за важноста на ангажирањето на граѓанското општество, во многу земји-членки на ЕУ поддршката за овој вид на трансформативно учество или ја нема или опаѓа. Ова доведе до

[1] Повеќе за партиципативното буџетирање, прочитајте го изданието на Светска Банка* Партицпативно буџетирање од Анвар Шах, 2007, http://siteresources.worldbank.org/PSGLP/Resources/ParticipatoryBudgeting.pdf

зголемено чувство за губење на демократската контрола врз клучните одлуки кои влијаат врз животот на сите луѓе.

На сите нивоа во нашите јавни системи, постојат конкурентни цели помеѓу економските и социјалите цели. Паралелно со мерките за штедење кои најлошо влијаат на луѓето во сиромаштија, постојат и други цели на политиките насочени кон добивање значајно учество и поголемо распределување на ресурсите. ЕАПН ќе продолжи да се ангажира во тој дел од јавните системи насочени кон поддршка на значајно учество и поддржувајќи го јавното добро, додека истовремено придонесува за јавна дискусија и ангажираност што би довело до потребната промена во приоритетите за нашите политички системи кон еден социјален, одржлив и демократски развоен модел.

**Трансформирање на организациите и креирање политики – активностите на ЕАПН за учество**

Уште од своето формирање ЕАПН е посветена на градење јаки пристапи за учество, вклучувајќи го и директното учество на луѓето што живеат во сиромаштија и социјална ексклузија во организациите за борба против сиромаштијата и во креирањето политики. Процесот на размислување кој ги вклучува членовите на Извршниот одбор на ЕАПН, луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија како и лицата одговорни за градење учество во Националните мрежи, спроведен во периодот 2009-2010, ѝ помогна на ЕАПН да ги идентификува клучните идни предизвици за зајакнување на паритицпацијата на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија во работењето на ЕАПН. Партиципативната стратегија која следеше: *Споделување на моќта – зголемување на контролата, стратегија за градење на една попартиципативна ЕАПН* ја идентификува позицијата на која сме сега и кои цели ги преземаме во иднина.

Во рамката на оваа стратегија, ЕАПН бараше создавање простор за проверка на реалноста, во која луѓето што живеат во сиромаштија и социјална ексклузија можат заедно да размислуваат за искуствата и да ја дадат својата оценка за тоа како политиките ги задоволуваат нивните потреби. Работата на ЕАПН во поддршка и барање, уште од 2000 год., се надоврзува на годишните Европски средби на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија, во Координативниот социјален отворен метод е највидливото размислување на овој пристап. Домаќин на овие средби на ниво на ЕУ е земјата претседавач на ЕУ за време на пролетното пртеседателствување и се поддржани од Европската Комисија. Како дел на ова надоврзување, ЕАПН бараше делегатите од Европските средби активно да учествуваат во други значајни конференции на ЕУ од типот на годишната Тркалезна маса за социјална инклузија која стана Годишна конвенција на Европската платформа за борба против сиромаштијата, според стратегијата Европа 2020. ЕАПН исто така бараше имплементирање на овој пристап во организирањето на своите настани, како што се гледа преку активното ангажирање на луѓето кои живеат во сиромаштија во нашите настани за 2010 год. и тематската Конференција за потребата од „Шеми за адекватен минимален приход“.[2]

Луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија отсекогаш играле активна улога во развојот и политиките на ЕАПН. Нашата стратегија за учество бара оваа пракса да се продлабочи и зајакне. Во 2011 год., ЕАПН ја организираше првата средба за луѓето кои живеат во сиромаштија активни на национално ниво и со волја да се заангажираат во агендата на ЕУ за креирање политики. Паралелно со оваа обука, учесниците учествуваа и во конференцијата на ЕАПН за влијанието на кризата *Заеднички излез од кризата – алтернативни пристапи за враќање*

[2] За повеќе информации:
http://eapn.eu/index.php?option=com_content&view=article&id=2055%3Alaying-the-foundations-of-a-fairereurope-ensuring-adequate-minimum-income-for-all-conference-report-is-out&catid=42%3Aeapn-position-papersand-reports&Itemid=82&lang=en

*на инклузијата* заедно со други членови и партнери на ЕАПН. Со оваа обука сакавме да го зајакнеме капацитетот на активисти од членството на ЕАПН и да дадеме еден европски израз на мноштвото локални, национални и регионални пристапи за зајакнување на учеството што членките на ЕАПН го развиваат низ годините. Студиите на случаи во ова издание даваат одредени идеи за длабочината и спектарот на овие пристапи.

Размислувањата на ЕАПН на внатрешен план во изминативе две години се сконцентрираа првенствено на учество на луѓето кои живеат во сиромаштија во организациите и мрежите за борба против сиромаштијата во членството на ЕАПН. Додека во одредени контексти учеството е овозможено, во многу земји, членките на ЕАПН треба да ги убедат своите членови за бенефициите кои се јавуваат од инволвирање на повеќе луѓе кои живеат во сиромаштија. Недостатокот од финансиски средства и ресурси за инвестирање во механизмите на учество е постојан проблем со кој се соочуваат организациите. Кризата силно влијаеше врз буџетите и приоритетите. На многу локални и национални организации не им беа давани застапништво и активности за учество и беа ставани во првите редови на давање услуги, со цел да им одговорат на итните потреби и сигурното планирање. Ова за жал ги поткопува успесите во учеството како инструмент за оспособување. Сепак, членките на ЕАПН се флексибилни и продолжија со спроведување нови пристапи и поттикнување сѐ повеќе луѓе кои живеат во сиромаштија за нивно активно ангажирање во организациите.

Како и работата на учество на внатрешен план, ЕАПН е храбар застапник за директно учество на луѓето кои живеат во сиромаштија во развојот, имплементирањето и оценувањето на политиките на ЕУ за намалување на сиромаштијата. Луѓето кои живеат во сиромаштија, членовите на организациите на ЕАПН, активно ги обликуваат стратегиите на ЕАПН и предлог лопитиките, ги водат каппањите и зборуваат на конференциите. ЕАПН лобира уште од самиот почеток на Лисабонската стратегија 2000, за обезбедување посветеност кон

учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија во Стратегијата на ЕУ за социјална инклузија, особено во Националните акциони планови. Во моментов Координативниот отворен метод/ Отворениот медот за координација за социјална заштита и социјална инклузија  има конкретна цел насочена кон мобилизација на сите актери, вклучувајќи ги и луѓето кои живеат во сиромаштија.[3] ЕАПН планира да ја надгради оваа заложба во стратегијата *Европа 2020* и во *Носечката/Flagship платформа на ЕУ против сиромаштија и социјална ексклузија* за промовирање на граѓанска ангажираност, вклучувајќи и добара на целите на Социјалниот Отворениот медот за координација во овој поглед. Поконкретно, ЕАПН се надева дека признавањето во комуникацијата со Европската Комисија за платформата може да ги удри темелите за зајакната поддршка на ЕУ за процесите на учество.

***Учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија се смета за огромна цел во инклузивните политики, и како средство за индивидуално оспособување и како механизам за водство***[4]

ЕАПН исто така ја препозна значајната улога на медиумите во врска со борбата против сиромаштија и социјална ексклузија. Во текот на Европската година 2010 за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија, организациите за борба против сиромаштијата спроведуваа јавни активности и мобилизираа многу луѓе, вклучувајќи ги и луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија во дебати на тема – Европа на која можеме да ѝ веруваме. [5] Многу организации успејаа да инволвираат репортери во дијалогот на тема чувствително известување за сиромаштијата, како да се справат со стигматизирачките и друг вид негативни карактеристики кои медиумите ги имаат за сиромаштијата. Видео спотовите помогнаа за зголемување на свеста за реалноста на борбите и

---

[3] За повеќе информации за Социјалниот Отворениот медот за координација посетете ја http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=750&langId=en

[4] http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=961&langId=en

[5] За повеќе информации за активностите организирани во текот на Европската годна 2010 за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија посетете ја www.endpoverty.eu

успесите на луѓето кои живеат во сиромаштија, притоа кршејќи ги стереотипите. ЕАПН и многу други организации исто така си поставија долгорочни цели за работа со медиумите за позитивно известување за сиромаштијата и социјалната ексклузија, заедно со луѓето кои живеат во тие услови.
Согласно на широката визија за учество наведена погоре од ЕАПН, ЕАПН бара, во текот на овој период да се градат сојузи со социјалните движења, синдикати, НВО за социјален, развој  и развој на животната средина и човекови права за собирање критична маса за поддршка на еден посоцијален и поддржлив развоен модел. Исто така бараме промовирање и равој на учеството во клучните нови области како развивање партиципативните Референтни или Стандардните буџети.[6] Исто така развиваме врскисо ActionAid[7] за развивање знаења и промовирање пракси за партиципативно финансирање, ангажирајќи ги луѓето во анализа на јавните буџети на локално, регионално и национално ниво.

Посветеноста на членките на ЕАПН, како што може да се види од студиите на случаи во ова издание, покажува дека ЕАПН е одлучна да го спроведе она што го пропагира за учеството. Исто така нè стимулира да го продолжиме патот и да бараме уште поголемо учество кое ќе може позитивно да влијае на елаборирањето на политиките од јавен интерес.

**Агенда на ЕАПН за учеството – клучни препораки**

Клучните предизвици за нашата агенда за учество во наредниот период ќе бидат следниве:

- Изградба на силни партиципативни организации за борба против сиромаштијата
- Градење култура за партиципативно креирање политики на сите нивоа

[6] За повеќе информации за Референтните и стандардните буџети*, посетете ја www.referencebudgets.eu

[7] За повеќе информации за ActionAid, посетете ја www.actionaid.org/eu

- Градење опшстествен консензус за важноста од создавање поеднакви општества

**Изградба на партиципативни организации за борба против сиромаштијата**

За да ни веруваат во нашиот повик за поголемо учество, вклучувајќи ги и луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија, треба да поработиме на целите кои си ги поставивме. Треба да останеме посветени во изградбата на силни организации за борба против сиромаштијата кои ќе го негуваат учеството и кои бараат да се урнат бариерите што ги спречуваат луѓето кои живат во сиромаштија и социјална ексклузија во остварувањето на својот личен и колективен придонес.

Оспособувајќи сѐ повеќе луѓе кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија да станат активисти и да претставуваат колективна граѓанска агенда во дијалог со креаторите на политики и засегнатите страни на сите нивоа ќе биде основна цел за учество на организациите за борба против сиромаштијата во наредниот период. Обуките, градењето капацитет, истакнување на добрите пракси и учењето еден од друг, имплементирањето на политиките за диверзитет и недискриминација, елиминирањето на внатрешните бариери и воспоставување стратегии на сите нивоа ќе бидат клучни компоненти на оваа работа.

Ако се посветени на демократските принципи, властите на сите нивоа, мора да ја признаат нивната улога за справување со нееднаквоста на моќта во општеството и да создадат рамки и директни ресурси за негување на организираниот глас на луѓето кои живеат во сиромаштија, ексклузија и нееднаквост. Понатаму, НВО мора исто така да бараат нови и различни начини за обезбедување поддршка, заедно со финансиска поддршка за одржување на нивните организации.

**Градење култура на партиципативно креирање политики на сите нивоа**

Студиите на случаи претставени во ова издание и работата која ја вршат многу организации за градење култура на значајно учество во креирањето политики мора да се вреднува и помага бидејќи нуди мотивација да се продолжи со овој пристап. Во развивањето на пристапи за учество мора да дефинираме една агенда за вреднување и препознавање  на учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија. Мора да поттикнеме и развиеме најразлични модели и пристапи за учество на локално, национално и меѓународно ниво кои ефикасно ќе допрат до сите групи во ексклузија и ќе придонесат за позитивна промена, ќе овозможат значаен придонес при креирањето политики. Зајакнувањето на традиционалните пристапи на кои работевме, вклучувајќи го и учеството во синдикати, НВО и политички партии, како и ангажираноста во нови социјални движења и здобивањето со нови знаења и практикување нови методи како партиципативно буџетирање ќе придонесе за градење култура за партиципативно креирање политики.

Члениктe на ЕАПН  се посветени на развивање на овој пристап, како и планирањето и ангажирањето во значајни процеси на учество кои овозможуваат вистинско партнерство и заедничко развивање на мерките од политиките. Властите кои се залагаат за вистинска демократија мора да поттикнуваат и создаваат рамки кои олеснуваат и ги даваат потребните средства за да успеат ваквите активности за учество. Сите инволвирани страни мора да обезбедат добар мониторинг и оценување на влијанието на моделите на учество кои се користат за добивање реални резултати и нема да доведуваат до дополнителни фрустрации и отуѓување.

Во контекст на ЕУ, залагањето за учество во: стратегијата Европа 2020 (заедно со залагањето за намалување на сиромаштијата), Европската платформа за борба против сиромаштијата и Отворениот медот за координација за социјална заштита и социјална инклузија обезбедуваат корисна рамка за негување на значајното учество во креирањето политики.  Европските политички лидери веќе се заложија

за овие стратегии и пристапи; сега е јасно дека е време за земјите-членки да ја покажат ваквата посветеност во пракса, а одговорноста на Европската Комисија за поддршка на Европскиот Парламент да ги смета за одговорни за овие залагања.

Европската Комисија ќе изготви волонтерски упатства за учество како дел од работната програма на Европската платформа за борба против сиромаштијата во 2012 год. Упатствата конзистентно беа предлагани во текот на изминативе неколку години, вклучувајќи го Известувањето на Комисијата за зајакнување на Социјалниот Отворен медот за координација во 2008 год., како резултат на ограничениот напредок на целта за учество и мобилизација на сите актери. Овие доброволни упатства треба да се mainstreamed/распространат и спроведат низ стратегијата Европа 2020 вклучувајќи ги и Националните програми за реформа и националните извештаи за социјална заштита и социјална инклузија. Треба да бидат почетна точка за проактивна стратегија за промовирање на учеството на сите ниво на креирање политики: поставување јасни цели, индикатори за оценување на напредокот, мониторинг на механизмите за водство, известување за учеството во Националните програми за реформа и Социјалниот Отворен медот за координација . Исто така треба да се користат за промовирање на заедничка размена и трансфер на знаења за методологиите, резултатите и влијанието на учеството. Од суштинско значење ќе биде соодветното финансирање од ЕУ и од националните влади за поддршка на овој процес. За ефикасно да се реализира тоа, Европската Комиција треба да формира работна група која ќе ги опфати клучните фактори како ЕАПН кои имаат искуство во промовирањето на учеството, да дадат свое советување за акционите планови и за поддршка на ефикасното реализирање и надоврзување на ниво на ЕУ и на национален план. При ова делување Европската Комисија може значително да придонесе за негување на демократијата.

**Градење општествен консензус за важноста од создавање поеднакви општества**

Во сржта на нашето убедување дека ни треба општество кое го негува и сериозно го сфаќа учеството, лежи нашето уверување дека е неопходен чекор за штитење на нашите демократски принципи. Оваа закана по нашата демократија доаѓа делумно од неодржливите нивоа на нееднаквост кои дозволивме да се развиваат во светот. Само за пример, најбогатите 1% возрасни лица во светот поседуваат само половина од глобалното богатство на ниво на домаќинство.[8] Создавањето на повеќе еднакви општества мора да е во центарот на нашите приоритети за 21от век. [9] Неопходно е негување на учеството за да добиеме повеќе еднакви општесва. Учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална екслузија претставува вистински тест на нашите способности за создавање на потполно инклузивни општества.

Да научиме да комуницираме креативно, да развиеме пораки заедно со луѓето кои живеат во сиромаштија, да користиме различни начини на медиумско покривање, да ја зголемиме свеста и да започнеме јавни дебати преку конвенционалните и социјалните канали на медиумите, сето тоа е од суштествено значење за изградба на партиципативно општество и општествен консензус за потребата од намалување на нееднаквостите.

Искуството во подготовката и ангажираноста во зголемување на свеста и водење кампањи околу Европската година 2010 за борба против сиромаштијата и социјалната екслузија ѝ помогнаа на ЕАПН и нејзините членки да ги развијат и зајакнат комуникациските вештини. ЕАПН се залага за зајакнување на капацитетот

---

[8] Истражување на Светскиот институт за развој (World Institute for Development Economics Research of the UN University), 2006.

[9] Видете го Објаснувањето 3 на ЕАПН: богатство, нееднаквост и социјална поларизација (2011), http://eapn.eu/index.php?option=com_content &view=category&layout=blog&id=40&Itemid=84&lang=en

на организациите за борба против сиромаштијата за подобро да ги пренесе своите пораки заедно со луѓето кои живеат во сиромаштија преку традиционалните форми за исвестување и преку социјалните медиуми за исвестување. Ни требаат гласници на пораките дека „поеднаквите општества се подобри за сите“[10] и дека инвестирањето во процесите на учество е неопходно за изградба на поеднакви општества. Ваквите гласници можат да дојдат од сите милјеа, политички, административни, културни, социјални партнери, НВО, лица кои самостојно го формираат мислењето.

Секој може да се вклучи. Колку е поголема ангажираноста со учеството за позитивна промена, толку повеќе инволвирани луѓе кои живеат во сиромаштија и повеќе бенефиции за сите. Да се допре до нив, да се мотивираат, а се поттикнат, да се ангажираат – се чекори кои можеме да ги преземеме заедно. Придружете ни се, да ги урнеме останатите бариери заедно и да донесеме позитивна промена.

**Финтан Фарел и Тања Басараб, ЕАПН**
fintan.farrell@eapn.eu , tanya.basarab@eapn.eu

## ЕАПН Австрија

## Информираност – нека стане видлива – не срамете се!
## Работа со медиумите за чувствително известување за сиромаштијата

**Зошто работиме на учеството?**

**Цврсто сме убедени дека секој може добро да живее само преку обезбедување учество на сите членови од општеството. Оттука учеството е клучниот елемент кога станува збор за подобрување на демократијата и изнаоѓање начини за справување со сиромаштијата, социјалните нееднаквости и други клучни предизвици на денешниот свет.**

---

[10] Ричард Виклинскон и Кејт Пикет, Нови на дух: Зошто поведнаквите општества се пофункционални, Лондон, Пенгвин, 2009 (*The Spirit Level: Why More Equal Societies Almost Always DO Better, London, Penguin)*.

**Краток контекст**

Известувањето во медиумите и јавните мислења честопати изобилуваат со стереотипи за луѓето кои живеат во сиромаштија. Поврзани се едни со други и влијаат едни на други во честите негативни медиумски прикажувања што произведуваат стереотипи кои потоа сè повеќе се шират.

Досега луѓето кои живеат во сиромаштија веќе беа на позиција директно да влијаат или да ги чујат вработените од медиумите во Австрија. Нема доволно комуникација – освен интервјуата или според новинарите, студиите на случаи. Програмите за обука на вработените во медиумите вообичаено не вклучуваат информираност и зголемување на свеста за конкретните животи на луѓето во сиромаштија.

**Опис на проектот**

Врз основа на погореопишаната состојба и со цел нејзини коренити промени, Австриската мрежа во 2010 год.започна проект со медиумите кој ги опфаќаше следниве цели:

- **Зголемување на свеста** за конкретната состојба на луѓето кои живеат во сиромаштија преку директна комуникација и со новинарите и со поширокатa јавност – користејќи го форматот на активности на ниво на small street (=Flashmobs).
- **Работа со чувствително медиумско информирање за сиромаштијата** преку организирање простор помеѓу вработените од медиумите и луѓето кои живеат во сиромаштија, преку истакнување на „Најдобра пракса“ – медиумско известување за сиромаштијата и воспоставување инструкции за „чувствително медиумско информирање за сиромаштијата“.

**Активности**

**Малите улични активности** (Flashmobs или Smartmobs) беа организирани со луѓето кои живеат во сиромаштија, мрежните активности на ЕАПН Австрија и театарските експерти. Целта им беше зголемување на свеста и на минувачите и на медиумите. Во текот на 2011 год. ширум Австрија беа организирани smartmobs за сиромаштија и распределување. Како „лого" на активноста се користеа лажици. Луѓето си носеа обични мали лажичиња и со нив правеа врева за да го привлечат вниманието на минувачите на почетокот од кратката активност. Се делеа мали дрвени лажици со испечатена интернет адреса на проектот за да ги поттикнат минувачите да побараат повеќе информации.

Понекогаш во текот на работењето на канцелариите одговорни за донесување одлуки, од типот на главна канцеларија или седиште на политичките партии или канцеларијата на премиерот, беа поканувани и прашувани каков им е сегашниот и идниот придонес за искоренување на сиромаштијата.

Објавена и дистрибуирана беше **малата џебна брошура** за сиромаштија и нееднаквостите во Австрија и за начините за борба против сиромаштијата и нееднаквостите. Книгата дава кратки одговори на десетте најчести прашања за сиромаштијата како: Дали навистина постои сиромаштија во држава како Австрија? Самите луѓе да не се виновни за неа? Точно ли е дека се зголемува јазот помеѓу богатите и сиромашните? Како може да се бориме со сиромаштијата? Исто така се однесува на делот Често поставувани прашања на интернет страната на мрежата за заинтересираните во тековните податоци за сиромаштијата и нееднаквостите или за оние кои бараат поопсежни одговори.

**Работилници со новинари и фотографи**

Организирани беа работилниците на размена со новинарите и фотографите. Овие работилници имаа за цел да создадат простор за средби и размена. И новинарите и луѓето што живеат во сиромаштија имаат можност да разговараат за секојдневната реалност. Новинарите од пишаните и аудиовизуелните медиуми добија можност да објаснат за некои од принципите на медиумското известување, вклучувајќи и објаснувања зошто секогаш се во потрага по студии на случаи. Посебно интересирање на една од работилниците, кои обично ги посетуваа 10-20 лица што живеат во сиромаштија, беше посветено на проблемите со јазикот. Некои од учесниците многу критикуваа еден дел од терминологијата што го користат медиумите, како терминот за луѓето кои живеат во сиромаштија „sozial schwach“ што буквално се преведува како „социјално слаби лица“. Во текот на следната дискусија успеаа да постигнат целосно разбирање од присутните новинари дека овој термин не само што ги стигматизира лицата, туку не е соодветен бидејќи ниските примања воопшто не подразбираат дека луѓето немаат социјални способности – токму напротив, на луѓето кои живеат во сиромаштија многу често им е потребно развивање силни социјални способности за да преживеат. Како резултат на ова, некои од присутните новинари засекогаш го исклучија овој термин од нивниот речник и од нивното известување.

Другите работилници се сосредоточија на конкретното медиумско известување, како еден краток документарен филм за две самохрани мајки, што го гледаа и за него критички разговараа со новинарот што го направи документарецот или за прашањето за таквите слики, кога на луѓето кои живеат во сиромаштија им беше даден вовед во некои од клучните принципи за чувствително фотографирање и метафоричен јазик.

## Мониторинг на медиумите и воспоставување критериуми за чувствително медиумско известување за сиромаштијата

Во текот на годината медиумското истражување за сиромаштијата и луѓето кои живеат во сиромаштија го следеа група луѓе што живеат во сиромаштија. На работилниците беше расправано за некои од најдобрите и најлошите примери и се користеа за развивање критериуми и упатства за чувствително медиумско известување за сиромаштијата. Врз основа на оваа работа, ќе се објави брошура за добрите и лошите примери во известувањето за сиромаштијата.

**Награда за новинарите „Од членството“ – за чувствително медиумско известување за сиромаштијата**

Во текот на медиумските работилници се јави идеата за воведување на новинарска награда „Од членството“. Наградата треба да ги истакне најдобрите примери во чувствителното медиумско известување за сиромаштијата кои прикажуваат луѓе кои живеат во сиромаштија и нивното секојдневие на еден поинаков нестигматизирачки и нестереотипен начин, претставувајќи ги како агенти кои се застапуваат за своите животи и помагаат да се чуе нивниот глас.

Беше објавен повик за пријави и беа поканети новинарите да ги испратат своите текстови објавени во пишаните или електронските медиуми или во форма на аудиовизуелни производи кои веќе биле емитувани. Жирито составено од 15 лица кои живеат во сиромаштија вклучени во медиумските работилници ги оценуваше пристигнатите дела според критериумите развивани во текот на целата година. Состанокот на жирито го помогнаа членови на одборот и вработени на ЕАПН Австрија, одлуката кои ќе бидат добитниците, сепак им припадна на луѓето кои живеат во сиромаштија. Беше организирана церемонија за доделување награди на 20.12.2010 год. и беа оддржани пофални говори за добитниците на наградите од страна на членови на жирито. На интернет страната на ЕАПН Австрија беше објавена групна

фотографија од наградените новинари и жирито, како и сите избрани дела. Наградувањето беше медиумски многу добро покриено.

**Што функционираше добро**

Проектот се надоврза на претходната работа на Австриската мрежа во поглед на медиумско претставување и генерално на нашата работа. Произлезе не само од интересирањето на ЕАПН Австрија за медиумска работа, туку и најважно, од интересот на луѓето кои живеат во сиромаштија вклучени во активностите на мрежата. Требаше да се формира мала група од „централни“ учесници во проектот на овој начин, што се покажа за неопходно за текот и успехот на проектот.

Врз основа на постоечките контакти, не претставуваше проблем да се заинтересираат новинарите. Само неколкумина од нив знаат за мрежата и ја признаваат нејзината работа. Низ претходните разговори на оваа тема веќе беше јасно дека некои од нив се особено заинтересирани во понатамошно остварување на предизвикот за почувствително медиумско известување за сиромаштијата. Ова исто така се одрази и во голем број од пријавените дела за новинарската награда. Самата награда секако дека беше значаен акцент на целиот проект бидејќи им ја истакна видливоста на целите и активностите на истиот за пошироката јавност. Исто така, ова на некој начин ќе му даде извесно наследство на проектот, бидејќи отсега мрежата ќе организира вакви награди на годишно ниво.

**Предизвиците на овој пристап**

Организирање на разните активности на проектот беа исцрпувачки во поглед на време и финансиски средства, а проектот немаше да се спроведе без дополнителните ресурси, достапни од финансирањето во 2010 год.

Без овие средства неостварливо беше соодветно да се продолжи проектот (со исклучок на медиумската награда што ќе се оддржува на годишно ниво). Оттука, нејасно е дали ќе може да се објават некои испечатени упатства за чувствително медиумско известување за сиромаштијата како што е предвидено во проектот и како може да се добие една поконтинуирана форма за мониторинг на медиумите „од самото членство“.

Исто така потребно беше многу време и залагање на учесниците - луѓето кои живеат во сиромаштија - поставија многу прашања за волонтерската работа во оваа и другите области. Волонтерската работа на луѓето кои живеат во сиромаштија обично ниту се гледа ниту се признава од страна на официјалните институции и јавни тела. Напротив, станува збор за случај луѓето да бидат казнети за нивните волонтерски активности до тој степен можеби ја ограничуваат нивната „достапност на пазарот на трудот“. Ова е важно прашање кое треба дополнително да се дискутира во текот на 2011 год. – Годината за волонтирање, а и потоа.

Во врска со работата на медиумите значајно е таа да се продолжи и прошири, со цел да се дојде до повеќе новинари и за оние кои не се доволно информирани и не се чувствителни на сиромаштијата, како и доаѓање до што е можно повеќе новинари од неконвенционалните медиуми. Новинарската награда заслужува да се организира како голем настан и секако дека може да привлече повеќе внимание, но повторно, ова ќе бара повеќе ресурси.

**Михаела Мосер,** ЕАПН Австрија/Armutskonferenz (Конференција за сиромаштија)
michaela.moser@akis.at http://armutskonferenz.at

**Сведоштво  - лично искуство од учеството**

*„Првиот текст го напишав во 2002 год., насловен како „Возот кој нигде не оди“ кога бев сведок како еден млад човек се самоуби на воз. Живеев на улица, немав ништо, само пасош, но откако ја увидов мојата состојба, одлучив да се борам за да си го подобрам животот. Почнав да учествувам во Augustin steer paper во Виена. Насловот на документот доаѓа од една виенска песна „Oh du lieber Augustin“ за Августин кој скокна во гробот полн личности кои умреле од штетници, а не се заразиле. Ова е симбол на преживување кој го ценат луѓето што живеат на улица. Мојот придонес во документот Августин е за културните настани кои можам да ги посетувам благодарение на Kulrurpass, нешто многу важно за нас за што се боревме и за луѓето кои живеат во сиромаштија. Kulturpass овозможува бесплатен влез во културните настани во Виена на лицата кои живеат во сиромаштија. Ги посетувам настаните, а потоа пишувам за нив во весникот.*

*Не многу лица кои живеат во сиромаштија и се активни во мрежата имаат искуство во новинарството. Бидејќи и самиот пишувам и сум вклучен во Австриската мрежа на ЕАПН, честопати ми доаѓаат новинари кога сакаат да пишуваат за теми поврзани со сиромаштијата. Многу сум во контакт со новинарите од весниците, радиото и ТВ и можам да зборувам со самодоверба.*

*Што се однесува на новинарската награда „Од членството“, беше многу прекрасно што новинарите беа горди кога ја примаа симболичната награда - торба со логото на Armutskonferenz. Почувствуваа дека се дел од идејата и дека на другите им ги пренесоа своите зборови и слики. На овој начин повеќе новинари ќе размислуваат за сиромаштијата и луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија за нивното достоинство.*

*Многу сум среќен што сум дел од борбата против сиромаштија. Дел сум од неа, се чувствувам како член на едно движење и не знам добивам од него, но го живеам и одлично се чувствувам! Сум бил и во ситуации кога сум имал многу пари и кога сум бил бездомник без скршен денар. Ги знам и двете лица на животот и се чувствувам богато во оваа борба против сиромаштија!*

*Михаел Шуте, ArmutzKonferenz/ЕАПН Австрија*

**ЕАПН Република Чешка**

**Прва чешка национална средба на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија**

**Зошто работиме на учеството?**

**Сметаме дека р нрдоволно сегашното ниво на учество во нашата земја дека и затоа сакаме да го зголемиме учеството на лицата во опасност од сиромаштијата и социјална ексклузија преку директно формулирање на нивните потреби и искуство бидејќи многу се потценува и маргинализира оваа група.**

**Краток контекст**

Чешката мрежа на ЕАПН уште од 2004 год. редовно испраќа учесници на Европските средби на луѓето кои живеат во сиромаштија. Но, не успеавме да организираме своја Национална средба до 2010 год. Општо земено, идејата за учество на луѓето кои живеат во сиромаштија е многу маргинална во Република Чешка и како на национално, така и на локално ниво скоро и да не постои искуство за вклучување на оваа група луѓе во процесите на креирање политики и донесување одлуки.

Пред две години ЕАПН Република Чешка и други организации со кои соработува се здружија заедно за да извршат влијание врз процесот создавање и на овој начин содржината на Националниот акционен план за социјална инклузија. Иницијативата силно го истакна најголемото можно искуство на целните групи од планот, кои претходно не беа ангажирани. Во оваа насока, битниот извор на инспирација за организирање на овој настан беше искуството на другите мрежи на ЕАПН.

**Опис на студијата на случај**

Главната цел на средбата беше зајакнување на искуството на таргетните групи во формулирањето на Националниот акционен план за социјална инклузија и да им даде простор за размислување за нивните конкретни потреби и влијанието на социјалната политика на државата и општините. Оттука, исходите од средбата беа инкорпорирани во основниот материјал поднесен до националните власти одговорни за создавање и имплементација на NAPSI.

Дводневниот настан ангажираше 27 лица, беа претставени 9 таргет групи на чешките политики за социјална инклузија, секоја претсавена со 2 учесници: *лица со проблеми на менталното здравје, лица во ризик од зависност од наркотични дроги и психотропни супстанци, жртви на криминал (домашно насилство итн), поранешни зависници, протективна заштита итн, лица*

*социјално исклучени и ранливи поради сиромаштијата и етничката припадност, семејства со деца (самохрани родители или со 3 или повеќе деца) во ризик од сиромаштија и социјална ексклузија, бездомници, млади лица на возраст од 18 до 26 години во ризик од социјална патологија, млади возрасни лица под 26 години на возраст кога ги напуштаат државните установи за нега...*

Пристапија и 11 волонтерски непрофитни организации од Република Чешка, кои им даваат услуги на овие ранливи групи. Учесниците исто така беа придружувани од работници од овие организации кои ја олеснуваа работата на групите од работилниците и водеа записник за средбата. На учесниците им беше платена симболична сума пари, делумно поради фактот што повеќето од нив беа веќе вработени и требаа да земат слободен ден од работа. За семејствата со деца обезбедено беше и чување на децата.

Најважно од сѐ, учесниците работеа во три работилници (со еднаква претставеност на различната таргет група), разговарајќи за теми кои самите ги избраа. На самиот почеток од групната работа секоја група направи список со одговори на прашањето: „Кои сфери од мојот живот ги засегна сиромаштијата и живеењето на работ од општеството?“ Потоа тие гласаа за 3те најважни теми за кои требаше потемелно да се разговара. Значеше дека различните групи работеа на различни теми во текот на целата сесија. Избраните теми (на пр. домување, долгови, немање достоинство) беа потоа елаборирани во 3 двочасовни сесии преку одговарање на овие четири главни прашања:

- Како влијае на мојот живот тешката ситуација, кој беше/е главниот проблем во оваа сфера?
- Што ме спаси од тешката ситуација? Што ми беше дадено на располагање? Што се покажа за добро или ефикасно за решавање на ситуацијата?

- Што ме спречи да го елиминирам проблемот? Што мислев дека се пречките?
- Што предлагам да се воспостави како добар инструмент или мерка за спречување на другите да не западнат во истата ситуација или за ефикасно решавање на овој проблем?

Сите одговори беа запишани на табла, што го олесни следењето на дискусијата. Сесиите на работилиците беа сменети со поразиграни активности  во кои учесниците се мешаа едни со други за да се запознаат со сите – се дизајнираше постер/билборд за јавноста на тема живот во сиромаштија и социјална ексклузија и се снимија видео постери со пораки за краторите на политики.

Резултатите на групите од работилниците беа презентирани и двата дена на пленарната седница. На крајот, секоја од групите демократски избра еден претставник за Европската средба.

Сите идеи и предлози беа инкорпорирани во завршен извештај кој беше јавно прикажан пред политичарите и печатот еден месец подоцна (заедно со изложбата на постерите и видео постерите). Средбата и исходот од неа беше многу корисен како материјал за презентации на министерските конференции и други настани во текот на Европската година 2010. Сите презентации ги држеа организаторите или учесниците.

**Што функционираше добро?**

- Заклучивме дека здружувањето на разните групи луѓе кои живеат во сиромаштија и давањето слобода сами да си ги одберат темите за дискусија помогна да се отворат картите и да им се даде чувство дека се вистински експерти чии мислења и предлози се многу вредни. Понатаму, квалитетот на резултатите навистина ги надмина нашите очекувања!

- Направениот труд за создавање посигурна атмосфера навистина се исплатеше како и практичните работи како обезбедување чување деца за учесниците со деца и отворање на сесиите за членовите на семејството.
- Ангажираноста на НВО кои не се членови на мрежата донесе позитивна енергија и исто така доведе до понатамошен меинстриминг на идејата за учество надвор од мрежата.
- Благодарение на вниманието од медиумите, темата социјална екксклузија беше малку повеќе застапена во јавната дебата; згора на тоа луѓето кои живеат во сиромаштија беа претставени како поединци способни да дадат компетентни предлози за промените во системот.

**Предизвиците на овој пристап**

- Иако благодарение на оваа иницијатива поимот учество широко беше споменуван од креаторите на политики, а некои од нив почнаа и јавно да ја поддржуваат идејата, резултатите не ги земаа одговорните власти и нивната поддршка останува само како изјава без некое поконкретно влијание врз реалноста
- Како една од најважните пораки што ги испратија учесниците беше дека на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија им недостасува почит од оштеството, од витално значење е следните средби да не станат само формални настани. Инаку ќе се соочиме со разочарани учесници, можеби и губење доверба во овој вид на партиципативен метод
- Потребно е многу време. Во поглед на финансиските трошоци сепак не беше толку скапо како што најпрвин се мислеше, па не треба да постои особена загриженост по ова прашање
- Целосната ангажираност на сите организации во мрежата сè уште останува предизвик; сепак откривме дека можеме да им се обратиме на организациите надвор од мрежата

**Научени лекции и влијанието врз Националната мрежа**

Потврдивме дека учеството е можно, а доколку го земеме предвид квалитетот на резултатите, исто така е ефикасно. Некои од учесниците сѐ уште контактираат со нас, а некои се многу расположени за понатамошна соработка и учество во активности кои би довеле до промени во системот. Ќе продолжиме да го промовираме овој метод како составен дел од нашиот систем и ќе се обидеме да организираме средби не само на национално, туку и на локално ниво за да докажеме дека учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија има смисол и е корисно за целокупното општество.

**Сарка Полова**, IQ Roma Servis, организација членка на ЕАПН

Република Чешка

sarka.polova@iqrs.cz

**Сведоштво – лично искуство од учеството**

*„Кога добив покана за учество во Националтата средба од организацијата што ми помогна да се излечам од зависноста од дрога, немав поим за што се работи. Можеби малку и се плашев, но тие два дена ми помогнаа да си го сменам животот. Средбите со лица со слична судбина навистина ми помогнаа. И тие минале низ слични проблеми и не се откажале.*

*Најголем проблем ми е зависноста од дрога и други проблеми кои се јавија од неа со текот на времето. Но, сакав да си го сменам животот и затоа учествував на средбата.*

*Многу бев изненаден дека некој навистина го интересираше и сакаше да знае како се живее со таков проблем и сакаше да го чуе моето мислење за можно решавање на ситуацијата. Многу беше охрабрувачки и ми помогна на психолошки план. Мило ми е што моите мислења им беа корисни на луѓето кои во други околности не ми помагаат само мене, туку и на сите на кои им е потребна помош. Исто така добив нови информации.*

*Мојата тема на средбата беше коцкањето. Знаете што е најлошо? Најголемиот број казина се наоѓаат во најсиромашните области во градот. Сиромашните се најлесна жртва.*

*Размислувам за формирање на граѓанско здружение кое ќе помага во социјалните домови. Чудно е што има толку уништени куќи во Република Чешка за кои никој не се грижи. Зошто не им дадат на бездомниците да си поправат некое од тие живеалишта и таму да си живеат? Парите за реконструкција може да се добијат од европксите фондови. Сега ќе почнам да работам со властите и ќе видам како ќе оди.“*

*Ерик Недбал, учесник на првата Чешка национална средба на луѓето кои живеат во сиромаштија 2010*

**ЕАПН Франција**

**Политичка активност за справување со сиромаштијата и ексклузијата: од советување до консензус**

**Воведување на инструментите и методите на Социјалниот Отворен медот за координација на национално и регионално ниво**

**Зошто работиме на учеството?**

**Мрежата на ЕАПН Франција е многу инволвирана во партиципативниот пристап и важи фразата: *„ништо не решавајте за нас без наше присуство, не правете ништо за нас, без нас“***

**Краток контекст**

Проектот „научете го Отворениот медот за координација за една социјална Европа“ е развиен од Фондацијата Армија за спас во мрежата на ЕАПН Франција како проект со повеќе партнери кој се надоврза на претходниот европски проект „Меѓународна работа со социјалните политики против ексклузија.“ Дел е од францускиот политички план во период кога се обновува националниот акционен

план за социјална инклузија, а партиципативниот процес добива признание од властите.

**Опис на студијата на случај**

Периодот беше развиван од 2009 до 2010 год. кога во работните групи од шест француски региони се собраа 350 лица кои живеат во сиромаштија и операторите за социјална работа (професионалци и волонтери) со цел зголемување на свеста за важноста од оценувањето на политиките од јавен интерес за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија во Европа и Франција.

За таа цел, учесниците се сконцетрираа на прашањата во францускoто NAPPI (домување/сместување, пристап до вработување, социјална и професионална интрегрaција на младите, водство) но исто така и во поширок размер за различните инструменти и елементи кои ги нуди Отворениот метод за координација, вклучувајќи индикатори, прегледи на учесници, заеднички извештај, Европски средби на луѓето што живеат во сиромаштија, Европската тркалезна маса за сиромаштија итн. Идејата беше да се преземе контрола врз овие инструменти, да се реинтерпретираат низ искуствата на луѓето што живеат во сиромаштија и да се донесат предлози за подобрено активирање на политиките против сиромаштијата.

Прегледите на учесниците, на пример, се средство кое се користи под Отворениот медот за координација за развивање дискусии помеѓу земјите-членки и промовирање на преносливоста на постоечките мерки помеѓу земјите. Во проектот регионалните средби оддржани во Feignies и Монпелје им овозможија на учесниците да ги кажат своите размислувања и предлози пред другите луѓе кои живеат во сиромаштија, давателите на социјална помош, властите и студентите (300 во Feignes и 150 во Монпелје). Постоечките работни групи потоа се пролонгираа со цел проширување на дискусиите и размената на искуства и смислување на заедничка регионална или стратегија на одделите.

Врз основа на оваа стратегија, се разви серија индикатори за добри пракси на учество во оценувањето на политиките од јавен интерес, направен беше список на сите предлози и беше направен асортиман на инструменти (видеа, разгледници, брошури итн) со цел да им овозможат на учесниците да ги пренесат своите размислувања и предлози за борбата против сиромаштијата на разни начини. Најразличните резултати на сите им даде можност да се изјаснат за своите интереси и искуства.

Во секој случај методот кој се користеше беше заедничко развивање на овие предлози врз основа на експертизата на секое лице. Сите учесници (луѓе кои живеат во сиромаштија и давателите на социјална помош) имаат еднакво право на глас – учењето еден од друг е клуч за заеднички развој. Групите дозволуваат и постојан прилив/одлив на членови.

Луѓето кои живеат во сиромаштија особено се заинтересираа за и се заангажираа во проектот. Беше толку голема потребата од форуми, тие да зборуваат, да бидат чуени, што она што го започна проектот требаше да се прошири на разни начини:

- Регионалните групи продолжуваат без ново финансирање;
- Воспоставени се нови партнерства, а посебно со властите;
- Консултативниот совет за корисниците на услуги/примателите на помош, тело формирано во 2010 год. од централната влада и поддржано од фондацијата Армија за спас го препушти во 2012 год. и редовно носи 80 луѓе да учествуваат во дискусиите иницирани од владата за реконструкцијата привремено сместување и обезбедување домови.

**Што функционираше добро**

Од проектот сите учесници имаа резултати:

- За лицата соочени со потешкотии, им помогна со тоа што ги ограбри (*„не застапуваме никого конкретно, туку секој треба да си го каже својот дел“*), да бидат ценети (*„годри сме што учествуваме и го кажуваме нашето мислење“*), ја зголемуба нивната самодоверба (*„открив некои свои карактеристики за кои не бев свесен/свесна дека ги имам!“*), да ја препознаат нивната експертиза, но и промена на елементите кои честопати се сметаа дека ги осудуваат властите и социјалните работници (*„подобро можам да ги разберам нивните ограничувања“*);
- За давателите на социјална помош беше направена темелна работа за промена на праксите кои меѓудругото го засилија искуството на волонтерскиот сектор кој работи во партиципативниот пристап. Ова исто така донесе и промена во перцепциите на лицата на кои им помагаа и на нивниот личен развој;
- Конечно, јавните партнери исто така ги менуваат своите ставови кон луѓето кои живеат во сиромаштија и ги отвараат своите тела за советување за формулирање и мониторинг на политиките;
- ЕАПН Франција исто така имаше придобивки од проектот, преку зголемување на профилот меѓу луѓето кои живеат во сиромаштија, асоцијациите и институциите. Во 2009 и 2010 год. француските делегации на Европските средби на луѓето кои живеат во сиромаштија беа подготвувани во тесна соработка со работните групи од проектот.

**Предизвици на пристапот**

Во проектот сепак имаше и некои недостатоци: среднорочното влијание на учеството при оценувањето на политиките од јавен интерес од страна на луѓето соочени со потешкотии не може реално да се измери – во проектот сè уште повеќе инвестираат луѓето, а помалку институциите. Исто така, не е лесно надоврзувањето на предлозите бидејќи бирократијата го успорува вистинскиот напредок на политиките и обртот на вклучените лица често

подразбира повторно започнување од нула. На ресурсите потребни за промовирање на „доброто учество“ често им недостасува следново: оние кои сакаат понатаму да го пренесат размислувањето често се спречени од патни трошоци и сместување, кои се вистинска пречка во учестово во нефинансираните проекти. Конечно, времето на лицата може да го потрошат најразлични тела, па нема вистински и конкретен резултат за проценката на социјалните политики.

**Научена лекција**

Продолжувајќи го процесот и обидот да се отстранат овие недостатоци бара уште поблиско партнерство помеѓу луѓето директно засегнати од политиките и телата за донесување одлуки (*„Овде сум, овде останувам“*). Ова партнерство може да се засили со лобирање, проекти, средби иницирани од волонтерски организации или властите. „*Штом ќе се подотвори вратата, треба да ја ставите ногата да не се затвори*“. За секоја промена потребно е време, „*преземени се мали чекори, но тие мали чекори многу значат.*“

**Мари Гидичели,** Фондација Армија за спас,
член на ЕАПН Франција, mguidicelli@armeedusalut.fr

**Сведоштво – лично искуство од учеството**

*„Стигнав до проектот делумно да се обидам и да ги сменам работите, но претежно луѓето поинаку да ги видат луѓето кои живеат во сиромаштија, бидејќи ако тие се ранливи, не значи дека се глупави!*

*Проектот ми помогна да се спознаам, да си ги откријам внатрешните потенцијали кои никогаш не сум ги воочил. Подолго време се чувствував непродуктивно, безвредно, и фактот што ми дозволија да се искажам и фактот што најпрво ме гледаат како човек ме натера да го споделам*

*искуството и да се вклучам во телата на политиките од јавен интерес (the CCPA, the Particip'actif регионалната група итн).*

*Сметам дека проектот помогна да се смени начинот на кој нѐ гледаат политичарите, но особено да ја согледаат социјалната сила што ја претставуваме на која треба да се смета. CCPA се разви од Отворениот медот за координација: сега институциите доаѓаат до членовите на CCPA, нешто што претходно се нема случено. Исто така ми овозможува да ги ценам проблемите со кои се соочуваат професионалните лица кога не се во можност да си ја завршат работата поради немање на потребните ресурси.“*

*Доминик Пион, активен член во иницијативите за учество на ЕАПН Франција*

www.armeedusalut.fr/fileadmin/user_upload/docs/pdf/europe/LaMOC-cahier_de_propositions-26nov.pdf

**ЕАПН Ирска**

**Поддршка на учеството во националниот форум за социјална инклузија**

**Зошто работиме на учеството?**

**Во една зрела демократија – во која се цени плурализмот, диверзитетот и доброто водство – секој има можност да помогне во создавање решенија за сиромаштијата и социјалната ексклузија. Градењето солидарност и колективно делување се во центарот на секој ефикасен одговор на граѓанското општество, а ЕАПН Ирска е одлучна да придонесе за посилно граѓанско движење на национално, европско и меѓународно ниво. Учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија е во сржта на ефикасниот одговор на граѓанските општества.**

**Контекст на политиката**

Националниот форум за социјална инклузија е годишен настан чија цел е заедничко учество и на креаторите на политики и на луѓето кои живеат во сиромаштија и нивните организации за да дискутираат за националните планови за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија. Форумот претставува настан организиран од владата и извештај од него се доставува до Кабинетскиот одбор за социјална инклузија/ Cabinet Committee, со кој претседава ирскиот премиер. Во 2007 год. форумот беше предмет на прегледот на учесници за социјална инклузија како пример за добра пракса на учество.[11]

Форумот за социјална инклузија се организира во Даблин и на него може да присуствуваат до 300 учесници. Структуриран е околу неколку помали тематски работилници со пленарни сесии на почетокот и крајот од настанот. Пленарните сесии обично опфаќаат и презентација од министерот, високите претставници и експерти, а од неодамна ЕАПН Ирска овозможи излагање на пленарната сесија на едно лице кое живее во сиромаштија.

Во 2007 год. ЕАПН Ирска донесе успешен предлог за финансирање на тогашната Агенција за борба против сиромаштијата и Владината канцеларијаза социјална инклузија за еден подготвителен процес за градење капацитет на луѓето кои директно се загрозени од сиромаштијата и социјалната ексклузија за да можат активно да учествуваат во Форумот за социјална инклузија. Додека се менуваше процесот, тој продолжуваше секоја година сè до 2010 год. ЕАПН Ирска работеше на овој процес со партнерите, опфаќајќи ги и Кооперативата на работниците од заедницата и Платформа на заедницата/ Community Workers' Cooperative и CommunityPlatform.

## Опис на студијата на случај

[11] www.peer-review-social-inclusion.eu/peer-reviews/2007/the-napinclusion-social-inclusion-forum

Пред годишниот Форум за социјална инклузија, беа организирани фокусни групи и регионални семинари. По овие настани, луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија беа поканети да учествуваат во една подготвителна средба во Даблин дента пред самиот Форум за социјална инклузија. Овие учесници беа членови на или беа поврзани со локалните или националните групи кои се застапуваат во име на нивните заедници, а некои беа во можност да се ангаѓираат во овој процес во текот на две години што го зајакна нивниот постојан ангажман. На годишно ниво 250-300 учесници се ангажираат во Форумот за социјална инсклузија. Во 2009 год. Форумот за социјална инклузија се сконцентрираа на следниве теми:

- Детска сиромаштија – деца и нивните семејства,
- Пристап до квалитетна работа и можности за учење – работоспособни луѓе, посебно млади лица и мигранти,
- Стари лица – пристап до услугите,
- Лица со инвалидитет –пристап до услугите

Некои од овие теми беа дискутирани на Форумот за социјална инклузија во 2010 год. заедно со интергрирањето на мигрантите и пристап до вработување за лицата со инвалидитет.

Беа покриени сите трошоци вклучувајќи и одредена сума за трошоците за грижа. За лицата кои беа надвор од Даблин беа обезбедени сместување и сите оброци. Бројот на присутни варираше помеѓу 20 и 30 на годишно ниво.
Подготвителните средби вклучија 30-35 лица и траеја околу 3 часа, покригајќи ги следниве области:

- Во позадината на Форумот за социјална инклузија се опфатени националните планови за социјална инклузија
- Деталјна расправа за програмата на Форумот за социјална инклузија за таа година, подвлекувајќи ги главните можности за учество

- Групни дискусии на темите на годишниот Форум со можност учесниците сами да си ги приоретизираат најважните точки што сакаат да ги изнесат

**Што функционираше добро**

Дотогаш подготвителните средби беа дел од еден поширок процес во кој учесниците, инволвирани во локални или национални организации на заедници, кои исто така учествуваат во фокусните групи или регионалните работилници за време на Форумот за социјална инклузија.

Финансирањето на организациите на заедниците и подготвителниот процес од страна на Одделот за социјална инклузија е многу важно и ја истакнуваат вредноста која му се дава на учеството при донесувањето одлуки како дел од доброро водство.

Подготвителните средби овозможуваат сѐ повеќе групи луѓе кои живеат во сиромаштија и социјална инклузија да присуствуваат и да ги пренесат своите пораки на присутните на Форумот за социјална инклузија. Ова е позитивно влијание врз квалитетот на дискусиите и треба да доведе до подобри резултати од Форумот во насока на политики за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија.

Во глобала, учесниците се задоволни од подготвителните средби за Форумот за социјална инклузија. Еден од најважните аспекти за учесниците е можноста да дојдат во контакт со други лица со различно искуство за да се подготват за Форумот за социјална инклузија. Ова им помага на луѓето да ја прошират својата мрежа од контакти и да учат еден од друг, како и да развијат заедничка анализа на проблемите со кои се соочуваат луѓето кои живеат во сиромаштија. Еден од учесниците

изјави: *„ми помогна да се подготвам за средбата и да ги ценам проблемите на другите.*" Друг изјави дека подготвителната средба *„ги здружи мислењата на различните маргинализирани групи и ме направи свесен за проблемите на овие групи, проблеми за кои и не помислувате.*"

Учесниците ја препознаа важноста на овој колективен пристап која ја одразува работата на нивните групи во кои членовите ги споделуваат своите прашања, а потоа заедно работат во обидот да донесат промени.

Овој колективен пристап создава другарство кое се цени, а еден учесник изјави дека со неговото присуство на Форумот за социјална инклузија *„се сретнав со познати лица со кои можев да седам, што ме охрабри.*"

Пристапот до информации е значаен дел од подготвителните средби на кои учесниците гледаат како на „вооружување" за следниот ден. Учесниците се повеќе запознаени за заложбата на владата за справување со сиромаштијата и социјалната инклузија и можат да го употребат ова знаење да им помогнат во работењето на нивните организации.

Како битен исход од подготвителниот процес е што им помага на учесниците да можат активно да учествуваат во Форумот за социјална инклузија. Повеќето од учесниците беа активни во текот на средбата. Еден учесник истакна дека *„исто така почувствував дека она што требаше да го кажам беше исто толку важно како и мислењето на другите",* а друг рече *„дека без средбата дента пред Форумот, луѓето нема да можеа да ги кажат своите мислења, да си ги соберат размислувањата и да зборуваат за нив.*"

**Предизвиците на овој пристап**

И покрај позитивниот придонес што го имаат подготвителните средби на годишниот Форум за социјална инклузија и за посетителите, сепак постојат предизвици.

Многу учесници на структурата на Форумот за социјална инклузија гледаат како на предизвик. Додека учесниците се дел од работилниците, учествуваат во поголемата пленарна сесија за нив тоа е застрашувачко и тешко им е, затоа што страв им е да се изјаснат на ова ниво.

Лицата кои ги посетуваат подготвителните средби веќе се дел од локални или национални организации и преку ова ангажирање имаат различни нивоа на искуство од средби и настани. Повеќето од нив ќе имаат учествувано во наредните проекти поврзани со Форумот за социјална инклузија. Но, сè уште може да ги плаши обемот на Форумот за социјална инклузија.

Учесниците и останатите на Форумот поставуваат постојано прашање за ова влијание. Еден од учесниците изјави дека и покрај фактот што тој е ангажиран повеќе години „*нема позитивни резултати, нема никакви промени*“. Ова прашање треба поопширно да се оцени на Форумот за социјална инклузија како што е истакнато во ЕУ Прегледот на учесниците на Форумот, 2007 год. Ова е исто така важно за целокупниот мониторинг процес на политиките за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија.

Во последниве неколку години на многу организации од заедниците им се намали финансирањето или ја изгубија независноста со настанатите промени во финансирањето на програмата. Овие промени директно

влијаат врз капацитетот на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија да можат да развијат еден колективен пристап за залагање за промени. Форумот за социјална инклузија и токму подготвителните програми се дел од овој поширок процес и се надоврзуваат на колективната работа на организираните заедници на локално и национално ниво. За средбите да станат дел од навистина партиципативен процес неопходно е да има добропоставена и заштитена локална и национална инфраструктура.

**Научена лекција и влијание врз Националната мрежа**

Подготовката на поголеми настани секако дека игра значајна улога да се поддржат луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија. Овозможувањето на оваа подготовка заедно со други лица со различно искуство му придава огромно значење на овој процес. Ова е особено важно за подготовката на Форумот за социјална инклузија кој игра главна улога во мониторингот на политиката за борба против сиромаштијата и социјална ексклузија во Ирска. Затоа е битно да има јасни исходи од Форумот за социјална инклузија идека влијанијата од учеството се видливи за учесниците.

Подготвителните средби за Форумот за социјална инклузија сега се клучен дел од годишните активности на ЕАПН Ирска. Поддршката на овој процес подразбираше дека ЕАПН Ирска инволвира повеќе луѓе и групи што живеат во сиромаштија во повеќе активности на ЕАПН Ирска. Многу учесници од овие активности, кои имаат директно влијание од темата за која се дискутира, имаат можност да се сложат во ова.

Градењето капацитет од луѓе за изнесување на сопственото искуство од работата на конкретна тема или грижите на одредена заедница за да

можат да бидат разгледувани на едно пошироко ниво е важно за работата на ЕАПН Ирска.

Слушајќи ги грижите и фрустрациите на учесниците на овие и на другите средби ја стимулираше ЕАПН Ирска да започне една поактивна улога во потрагата да се подобри начинот на кој се одвива учеството и како би можело да ги информира ефикасно политиките на сите нивоа. Оваа работа на поширокото влијание на учеството стана клучна цел на работата на ЕАПН Ирска и без оглед на состојбата со финансирањето, ќе остане клучен елемент на нашата работа.

И на крајот, исто така го зајакна односот со некои државни агенции, ангажирани во Форумот за социјална инклузија. Низ оваа работа ЕАПН Ирска се идентификува како клучен партнер за државата која има пошироки импликации за нашата работа.

**Пол Гинел**, ЕАПН Ирска
Paul@eapn.ie

**Сведоштво – лично искуство од учеството**

*„Подготвителната средба беше добро организирана. Немаше никаков проблем со храната, превозот или информираноста – за сѐ се имаа погрижено и во ниеден момент не се грижев.*

*Групата беше многу разноврсна и сакав да научам повеќе за другите групи како азиланти. Ми даде многу информации.*

*Средбата ми помогна да се подготвам за средбата следниот ден на кој присуствуваа многу непознати лица. Ме научи како да го ценам она*

*што го кажуваат другите и дека она што јас го кажував беше исто толку важно како сè останато.*

*На конференцијата следниот ден не бев расположен да прашувам прашања кога сите беа во главната сала и малку се исплашив од панелот. Но, поради средбата од претходниот ден имаше познати лица со кои можев да седам и тоа ме охрабри. И поставив прашања на работилницата за детска сиромаштија.“*

*Учесник на Националниот форум за социјална инклузија*

**Сведоштво – лично искуство од учеството**

*„Средбата беше добра за изразување на ставовите на различни маргинализирани групи, со што станав свесен за нивните проблеми. Донесе теми на кои и не помислуваш, како што е темата – посебни потреби. Ни даде можност да разговараме меѓусебно, а и со преспивањето таму подразбираше дека можеме да си разговараме – со истомислениците – и да добиеме можност да се разбереме едни со други. Го олесна животот за следниот ден и ми вледа доверба.*

*Средбите кои се оддржуваат на претходниот ден се многу корисни за дискусии за Форумот за социјална инклузија за да видите како се поставуваат прашања за азилантите, патувачите итн. Ни дава можност да се прибереме.*

*Навистина помогна за Форумот. Без средбата од претходниот ден луѓето немаше да можат да се искажат, да си ги приберат мислите и да си го кажат ставот, да зборуваат на вториот ден, да се борат со нив.*

*Нема реално позитивни исходи/исход од Форумот, нема промени. Но, се надевам дека нешто навистина добро ќе излезе од сето ова.“*

*Учесник на Националниот форум за социјална инклузија*

**ЕАПН Полска**

**Тестирање на климата со учество:**

**Мали чекори во Полска**

**Зошто работиме на учеството?**

**Со водење на проекти за учество, ЕАПН Полска сака да го вреднува знаењето и експертизата на некои од луѓето кои живеат во сиромаштија, како и да придонесе во националниот предизвик за градење активно граѓанство на секое ниво од полското демократско општество.**

Граѓанското учество, градењето граѓанско општество стои зад бројните иницијативи во Полска. Се чини и дека е општо прифатено кога станува збор за луѓето кои живеат во сиромаштија и ексклузија што учествуваат во дебатите поврзани со нив.

Но, ако ги оставиме настрана зборовите и ги бараме само делата, на површината ќе испливаат предизвиците. Оваа студија на случај опишува некои од фазите во работењето на ЕАПН Полска. Делумно ќе се сосредоточи на настанот оддржан за време на Европската година за борба против сиромаштијата и ексклузијата и ќе биде застапник за она колку далеку сме стигнале, а нѐ чека уште долг пат.

**Почетоци**

Полска ѝ се приклучи на ЕУ во 2004 год. Во февруари истата година, ATD Europe  и Европскиот економски и социјален одбор во Варшава ја отпочнаа средбата на средба на Fourth World People's Univeristy[12]. Тоа беше средба за паметење на која луѓето кои живеат во крајна сиромаштија во Полска и Европа заедно дискутираа со хероите на полската борба за демократија: Тадеуш Мазовјецки, Бронислав Геремек, разни министри, Андрџеј Зол, правобранителот за граѓански права и други.

ATD Poland ја имаше оваа средба на ум, како дел од новиот Комитет на ЕАПН Полска, започна со прелиминарен почеток за подготвување на полската делегација за 7тата Европска средба на луѓето кои живеат во сиромаштија во 2008 год.

**За една средба за дијалог и солидарност со варшавскиот градски совет**

Во април 2009 год., како дел од подготовките за делегацијата на 8мата средба, беше оддржана национална средба во канцелариите на првобранителот за граѓански права. Фактот што домаќин на истата беше официјалната агенција, им даде нов изглед на подготовките. На

[12] Видете го документот на ATD во ова издание

средбата присуствуваа двајца претставници на асоцијации при Варшавскиот градски совет „Комисија за социјален дијалог за поддршка на најсиромашните“. И од Комицијата ќе се јави идејата за спонзориран дијалог од Варшавскиот градкси совет, дијалог помеѓу политичарите, засегнатите страни за социјална политика и луѓето кои живеат во сиромаштија.

Дури 10 месеци подоцна асоцијациите[13] во оваа комисија заеднички ќе се заложат со одлука за оддржување на состанок во општинските советнички канцеларии на Урсинов (Варшава) во мај 2010 год. во текот на Полската недела од Европската година за борба против сиромаштијата и ексклузијата. Требаше да се оддржи на 19.мај 2010 год. и ќе се подготвуваше со помош на ATD  и ЕАПН Полска. Во април и мај 2010 год. беа оддржани две средби со цел на членовите од овие асоцијации да им се дадат неколку показатели за подготовка и помош при јавните излагања на луѓето кои живеат во сиромаштија.

19. мај брзо наближуваше, но ниту ATD, ниту останатите асоцијации членки на комисијата немаа реална идеја како ќе оди средбата. Дента се појавија многу асоцијации, секоја од нив успеа да донесе лица што живеат во сиромаштија и социјална ексклузија. Нѐ имаше скоро 40тина во советничките комори. Подготвени беа излагањата и беа поставени прашања од фундаментално значење. Се оствари дијалог. Инизијативата беше оценета како успешна, знак на постигнување.

**Другата страна на сликата... Предизвици што треба да се решат**

[13] Вклучувјќи го Црвениот Крст, Лигата Пријатели на децата, Банката за храна (Варшава), Отворена врата, Ариадна, Фондација Габи, ATD... Некои се членки на ЕАПН Полска

Ова активно ангажирање во „партиципативниот настан“ опишан погоре бара одредена посветеност. Предизвиците за кои разговаравме се опишани подолу.

1. **Да се продолжи со иницирање на „настани“ од партиципативен карактер**

Многумина од инволвираните на средбата од 19. мај 2010 год. зборуваа за вредноста и значењето на дијалогот. Секој „настан“ од партиципативен карактер ги открива очекувањата и интересите на засегнатите страни во полското граѓанско општество и неговиот трет сектор. Се објави брошура на полски јазик во почетокот на 2010 год. која содржеше извадоци од изданието на ЕАПН „Мали чекори, големи промени“ и во која беше многу добро прифатен описот на шемата на ATD. Од средбата оддржана во 2004 год. персоналот на канцеларијата на правобранителот за граѓански права исто така ја поддржува идејата за „учество“ и секогаш кога е можно, ги повикува ATD* и ЕАПН Полска да се осигура дека на средбите се присутни и лицата кои живеат во сиромаштија.

Ова се причините за продолжување понатаму со надеж дека конечно ќе се искристализираат верувањата и енергиите околу заложбата за еден поредовен и систематски пристап за учество на луѓето кои живеат во сиромаштија и ексклузија. Сè уште сме во развојната фаза во која симболичните „настани“ од она што останува од почетната фаза на учество мора да се продолжат.

2. **Довербата во политички дијалог**

„Не се занимаваме со политики, градиме стадиони“. Таков слоган се појави во Полска во ноември 2010 год. заедно со слика од премиерот во една локална кампања, избрана од владејачката партија да го изрази своето мислење за еден факт од полското секојдневие: поголемиот дел од населението немаат доверба во „политиката“. Во ваков контекст на огромна недоверба требаше да се развива партиципативниот процес кој ги вклучуваше и луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија.

Факт е дека за луѓето кои живеат во сиромаштија и срамот од неа честопати им треба да си ја повратат самодовербата и храброста јавно да зборуваат, активно да се заангажираат во дебата. Но ако сите ние сметаме дека таквото учество и јавно излагање нема поента и дека ништо нема да постигнеме, тогаш многу е тешко да се вклучиме во него.

Па, што се случи на средбата на 19. мај 2010 год.? Мала група советници од општината Урсинов се појавија на почетокот од средбата за да ги пречекаат преставниците на асоцијациите. Но, не останаа на дебатите, ги оставија нивните службени лица да учествуваат во дискусиите. „Уште еднаш бевме оставени сами на себе...“ рекоа учесниците.

Развивањето учество во Полска бара вистински ремонт (или реконструкција) на политичкиот дијалог помеѓу сите граѓани и властите.

### 3. Давањето поддршка и да се остане во позадина... без да го кажете своето мислење?

Сребата на 19. мај 2010 год. ја претстави заложбата на асоцијациите за овозможување на самоизразување на луѓето кои живеат во

сиромаштија. Се работеше за „клиентите“, „спонзорираните лица“ кои го остваруваа своето право на глас. За многу од организаторите на средбите, ова беше неочекуван позитивен исход... Зошто?

Предизвикот од учетвото на луѓето кои живеат во сиромаштија бара огромна способност од волонтерите во организациите и персоналот тие да не ја преземат работата во свои раце. Треба да овозможат ангажирање, да го поддржат самоизразувањето, а кога ќе се случи дијалог, да увидат кога треба да се повлечат, а кога да го поддржат некое мислење кое не е нивно. Искуството од последните години покажува дека честопати ова е „невозможна мисија“... Или барем условите за негово остварување сѐ уште ги нема.

На многу средби се увиде дека тие можат да овозможат ангажираност на луѓето кои живеат во сиромаштија, самите претставници на асоцијациите требаше да бидат способни да се ангажираат и да имаат глас. Дури до скоро, еден од присутните нѐ предизвика повторно да размислиме за точката на Брисელската средба во случај кога самите асоцијации не би имале глас.

Тоа е уште еден факт за полската реалност. Не е лесно да се ангажираат корисниците на невладините проекти околу прашањето за учество ако лицата на кои им беше потребна поддршка во учеството и самите не се чувствуваат дека се „партнери“ и се чувствуваат фрустрирани дека гласот не им се слуша. Секога предложена јавна платформа тогаш станува простор за самоизразување пред да им се понуди на другите. Ова е исто така важно за градење мрежи и консултирање на асоцијациите за борба против сиромаштијата за тие да се почувствуваат дека нивното мислење се слуша.

## 4. Создавање форуми за слободно изразување, поддршка, знаење... и самите да си наштетат?

Дали ние во НВО веруваме дека најзагрозените имаат што да кажат за справувањето со сиромаштијата? Безбедно ли е да ги пуштиме „корисниците“ на нашите организации да си го кажат мислењето? Дали вистинското, слободно учество на луѓето кои се борат со сиромаштијата ни ја поткопува нашата позиција?

Општиот контекст за борбата против сиромаштијата во Полска, размерот на потребите, реалните ограничувања на државната помош и социјалните права значат дека „корисниците“ сѐ уште многу зависат во секојдневниот живот од помошта и поддршката што ја добиваат од асоцијациите. Оваа зависност за преживување не создава точна реалност за поттикнување на ранливите лица слободно да се изразат. Дали некој ќе го каже нивното мислење свесни дека и најмалата критика би ја загрозила поддршката што ја имаат во моментов?

Оваа поединечна ранливост е одразена во активностите на асоцијациите. Процедурите за финансирање на НВО или им нудат мал или никаков медиум. Дали поставувањето на НВО во зајакната конкуренција им допушта самите да си ја поткопаат својата позиција со тоа што корисниците би ги осудувале со тоа што ќе го кажат нивното мислење?

Овде се јавува суштинското прашање. Дали сме убедени дека лицата на кои честопати гледаме низ призмата на „нивните проблеми“, „нивните неуспеси“, па дури и „што им е проблемот“ да создадеме термини кои обично се користат во Полска, дали имаат нешто витално да додадат? Дали веруваме дека можеби овие луѓе кои заеднички би ни помогнале

да изнајдеме нови пристапи за справување со сиромаштијата и експлузијата? Дали се осмелуваме да помислиме дека можеби и ги немаме сите одговори; и дека сме погрешно сфатени?

Она што не охрабрува и понатаму да ги предизвикуваме нашите практити како НВО е цврството убедување дека досега многу често се исклучувавме од она што го знаат луѓето кои живеат во сиромаштија и вистинскиот обид  за градење партнерства со нив.

Овие прашања до кои дојдовме преку оваа анализа на полската реалност и нашите мали чекори кон учеството можат да се појават сега или во иднина во Европа. Ние во ЕАПН се надеваме дека ќе добиеме многу повеќе можности во иднина за да дискутираме за нив, вклучувајќи и претставници на други земји од поранешниот источен блок.

**Ана Овцарска-Осинска**, волонтер на АТD  и национален координатор за подготовка на полската делегација а Европските средби на луѓето кои живеат во сиромаштија од 2008 год., a.owczarska.osinska@gmail.com,
**Петер Клеин**, редовен волонтер, координатор на АТD Полска, заменик претседател на ЕАПН Полска, pfklein@atd-fourthworld.org

**Сведоштво – лично искуство од учеството**

*„Присуството на средбата во гратското собрание на Урсинов во Варшава ја сметам за мисија. Немам што да изгубам. Не одам таму само да се претставам, туку да зборувам во името на многумина, бидејќи моите проблеми се исти како и на мнозинството во општеството, од типот на семејни работи, бездомништво, случаи кои со години не се решаваат, бидејќи не постоеше пристап до информации за начинот на кој се решаваат.*

*Овие години на средби и учество ми се многу важни. Ми дадоа сила и чувство дека не сум сам, дека има многу луѓе како мене, кои исто така се борат со истите проблеми. Сигурен сум дека во даден период нешто ќе се смени. Ако ние, луѓето кои живееме во сиромаштија ги притискаме властите на националните и меѓународните средби, ќе дојде до промени. Но, потребни ни се уште години работа и инволвирани луѓе.*

*Колку повеќе се среќаваме со другите во Полска и Европа, подобро си го одбираме патот. Кога во една земја гледаме како луѓето се обиделе да делуваат на еден начин и биле успешни во тоа,го испробуваме истото. Во други случаи, ние сме тие кои им даваме пример. Доколку не се обидеме да ги чуеме другите луѓе кои живеат во сиромаштија, нема да успееме. Бидејќи сиромаштијата е сè повеќе и повеќе тешка од говина на година, треба да се однесуваме како семејство.*
*Најпрво, не си ги знаеме правата, па сакаме гласно да го изнесеме: тие права треба јасно да се кажат и да не функционираат само во затворени кругови – недостапни за нас. На некои средби научивме каде и каква помош може да добиеме. Властите, госпоѓите од социјалните услуги, директорите и лицата од разни асоцијации треба да се присутни за да знаат како е навистина во реалноста. Можеби одреден момент би било помалку персонал од органзиациите, а повеќе луѓе кои живеат во сиромаштија, бидејќи тие се запознаени со многу ситуации. За жал, повеќе со негативни отколку со позитивни ситуации.*

*Дуга важна работа е споделувањето позитивно мислење. Толку многу луѓе кои живеат во сиромаштија на најразлични начини, па дури и во*

*состојба на сиромаштија, претставува поединечно, единствено прашање. Но постои една врска помеѓу тие луѓе. Средбите треба да се случуваат почесто бидејќи ги појаснуваме проблемите. Проблемите често не ни беа јасни, но од аспект на законите и системите. Законите се формулирани така да можат да ги разбере само една мала затворена група луѓе.*

*Јас лично успеав да се спасм од најголема сиромаштија и сега можам и на другите да им дадам совет. Ако сме заедно: луѓето во сиромаштија и луѓето кои се солидаризираат со нив,  и ако заедно се бориме за еднакви правaза сите и за гласот на најсиромашните, можеме да успееме.“*

*Мариа Слеџ, полски делегат на Европската средба на луѓето кои живеат во сиромаштија*

**ЕАПН Португалија**

**Национален консултативен совет на луѓето кои живеат во сиромаштија – носење директно искуство во работењето на мрежата**

**Зошто работиме на учеството?**

**За ЕАПН Португалија битно е да промовира голема ангажираност и учество на луѓето кои живеат во сиромаштија, за да можат да имаат водечка улога во дефинирањето начини потребни за искоренување на сиромаштијата. Учеството на сиромашните и на оние во ексклузија во дефиницијата за мерки и активности за борба против**

**социјалната и економска ситуација и подоцна во имплементирањето ги зајакнува нивните права и им дава гаранција дека нивното мислење ќе биде чуено и дека ќе се чуваат нивните вистински интереси. Поважно, учеството подразбира остварување активно граѓанство и преку него, граѓаните ја изразуваат волјата за промени на состојбата.**

**Краток контекст**

Охрабрувањето на луѓето кои живеат во сиромаштија за ЕАПН Португалија е *клучна област* во борбата против сиромаштијата и социјалната ексклузија. Не може да се постигне социјална интрегрaција без консултирање на засегнатите, кои очекуваат да бидат почитувани и условите за сеопфатна социјална интрегрaција да бидат подобрени во една атмосфера на еднаквост. Всушност, сакаме Европа за граѓаните за кои треба да промовираме поголемо учество. Ова е особено точно за исклучените, но чиј придонес претставува клучен елемент за подобрување на социјалната инклузија.

Во Португалија, учеството има своја историја поврзана со Европските програми за справување со сиромаштијата и социјалната инклузија, како и со Националните акциони планови за социјална инклузија. Во моментов постојат неколку програми вклучувајќи ја и *Програмата за социјални мрежи*, како и некои мерки, како *социјалниот минимален приход*, според кој учеството претставува клуч за делување. Но, сè уште постојат низа бариери во развивањето партиципативни активности, како недостаток од признавање на учеството од социјалните професионални лица; не е приоритет и нема простор за учество на луѓето кои живеат во сиромаштија; а учеството се сфаќа како слушање на луѓето наместо нивно инволвирање во процесот на донесување одлуки.

Од нејзиното формирање во 1991 год., ЕАПН Португалија има развиено активности за учество на луѓето кои живеат во сиромаштија, заедно со учеството во годишните Европски средби на луѓето кои живеат во сиромаштија, во Брисел.

*Националниот консултативен совет на луѓето кои живеат во сиромаштија* што го развива ЕАПН Португалија уште од 2009 год. има за цел активно да ги ангажира луѓето кои живеат (или живееле) во сиромаштија во борбата на ЕАПН против сиромаштијата и социјалната ексклузија.

**Опис на студијата на случај**

Националниот консултативен совет на луѓето кои живеат во сиромаштија врши мониторинг и ги оценува релевантните национални политики низ информации, обука, истражување и партиципативно планирање на активностите за сперчување на сиромаштијата. Работата на овие граѓани исто така ѝ помага на мрежада да собере повеќе информации за нивните потреби и проблеми, преку директен контакт со потешкотиите со кои се соочени, како и стратегиите кои ги користат за нивно надминување. Ова ѝ помага на ЕАПН Португалија да идентификува нови стратегии и нови инструменти на оценување на социјалните индикатори опфатени во лобирањето.

За поддршка на работата на Националниот совет, ЕАПН Португалија го разви проектот *„Ativar a Participacao“* преку кој сѐ повеќе луѓе кои живеат во сиромаштија уествуваат во во локалните работни групи кои го развиваат нивниот input. Проектот исто така ќе помогне да се развие подлабоко знаење за состојбата на овие граѓани и ќе ја развие нивната

детаљна оценка за националните социјални политики. Оваа структура смета на учеството на скоро 90 граѓани кои живеат или живееле во сиромаштија и/или социјална ексклузија, инволвирани во 18 Консултативни совети.

Овие работни групи се многу хетерогени, претставуваат живи сведоштва поврзани со најразлични проблеми: семјено насилство, зависност од дрога, невработеност, нови форми на сиромаштија, инвалидитет, болести, бездомништво итн. Групите се добро избалансирани во поглед на пол и возраст, повеќето од нив со ниска образовна подготовка. Има и членови со делумно универзитетско образование.

**Пристапот чекор по чекор**

**1. Идентификување на учесниците**

Поканети се граѓаните да учествуваат во Локалните консултативни совети, врз основа на локалните ресурси или стратегии развиени од вработените од регионалната мрежа на ЕАПН Португалија, вклучувајќи ги кога е можно нашите членови и други локални социјални актери. Членовите на Локалниот совет исто така се идентификуваат и со „брзорастечката“ методологија што се состои од ширење на информациите помеѓу другите учесници, социјални професионалци и локални партнерски организации на ЕАПН.

**2. Организација**

- **18 Локални консултативни совети** – Овие локални одбори работат со ЕАПН Португалија, на локално ниво, во дефинирањето, имплементирањето и оценката на активностите и проектите. Овие одбори ја претставуваат основата за работата

која се одвива на национално ниво и помагаат во промовирањето на учеството на граѓаните кои ги обликуваат политиките кои влијаат на нивните животи. Овие групи се свикуваат месечно од вработените од регионалната мрежа на ЕАПН.

- **Национален консултативен совет** – Секој член од националниот одбор е претставник на локална група – локални одбори/совети – кои се наоѓаат во секоја област во Португалија. Оваа структура се среќава секој месец.

3. **Структура на Националниот совет на РЕР**

- 18 граѓани кои живеат во сиромаштија и/или социјална ексклузија (еден од секој Локален совет)
- Национален координатор на ЕАПН
- 3 членови од персоналот на ЕАПН на Канцеларијата за развој (одговорни за поддршка на регионалните/обласните мрежи)
- 2 члена од персоналот на ЕАПН на проектите и канцеларијата за истражување

Работата развиена од ЕАПН Португалија со овој Совет се заснова на дефиницијата, имплементацијата, оценувањето и мониторингот на проектите/активностите. Оваа структура е битен начин за промовирање на учеството, не само да ги слушаат овие лица, туку и со нив да ги дефинираат документите за оценување за социјалните политики и ресурси кои постојат за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија во нашата земја. Истоа така претствува начин за спознавање на реалноста и привлекување на вниманието на општеството кон фономенот сиромаштија.

**Примери на активностите развиени со членовите на Националниот консултативен совет**

Уште од 2009 год. ЕАПН Португалија организира национална средба на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална инклузија, во кои овие членови се активни уесници. Главната цел на овие средби е извлекување препораки за креаторите на политики, идентификувајќи ги проблемите и предлагајќи ефикасни активности за справување со сиромаштијата и социјалната ексклузија.

- Планирањето, организацијата и учеството на членовите на Консултативните совети во семинари, работилници, обука и информативни сесии и други настани промовирани со нив, во рамките на опсегот на активности на ЕАПН Португалија
- Развивањето и употребата на инструменти за зголемување на свеста за сиромаштијата и/или социјалната инклузија, од типот на видеа, изложби на фотографии, брошури итн
- Оценување на социјалните мерки и давање препораки за подобрување преку партиципативно оценување и/или друг вид методологии, согласни со оваа цел
- Учествување во position papers (извештаи со препораки), изјави и други документи за лобирање во телата за донесување одлуки
- Учествувањето во Европските средби на луѓето кои живеат во сиромаштија и во другите национални и меѓународни проекти или настани кои се сосредоточуваат на учество и активно граѓанство
- Развивање други активности за сиромаштијата и/или социјалната ексклузија или за области поврзани со оспособување и лична и социјална интреграција на овие граѓани, согласно на работата на ЕАПН Португалија

**Што функционираше добро**

Учеството на NCC  го зголеми пристапот на овие граѓани до информации и обука. Исто така им помогна да ја разберат ЕАПН, локалните социјални активности во сиромаштијата и социјалната ексклузија во Португалија и Европа.

Учеството во Локалните консултативни совети ја зголемува нивната самодоверба и ги зајакнува социјалните односи низ тренинг сесии и други ресурси ќто им помага да ги планираат насоките на живеење и да развијат стратегии за проблемите со кои се соочуваат.

Учеството во настани и национални и меѓународни проекти на некои членови на овие совети е многу позитивно за размената на знаење и искуства.

Вклученоста во конкретни активности, изготвување на извештајот со препораки и директниот придонес во ширењето на овие документи е значајна, бидејќи тие сметаат дека придонесуваат со идеи за оценување на социјалните мерки.

**Влијание врз мрежата**

NCC беше прва партиципативна структура од овој вид во нашата земја. Ова беше и сè уште е голем предизвик со значајно влијание врз организацијата:

- ЕАПН Португалија многу инвестира во подготовката и обуката на локалниот персонал;

- Повеќе обуки за тренинг, комуницирање, учество и разбирање на ЕАПН Португалија се организирани за членовите на NCC;
- Нови работни методи – нови анализи и нови начини за пристап до информациите за сиромаштија и социјална инклузија се јавија од размената на знаење помеѓу социјалните професионални лица и луѓето кои живеат во сиромаштија;
- Луѓето кои живеат во сиромаштија (членови на Локалните консултативни совети) активно се вклучени во средбите со нашите членови;
- Вклученоста на некои членови на Локалниот консултативен совет во националните и меѓународните настани и проекти кои промовираат учество;
- Поголема обука и зголемување на свеста за учество меѓу НВО;
- Зголемена размена на искуства за учеството помеѓу членството;
- Поголема видливост на нашата организација помеѓу луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија;
- Поголема видливост на нашата работа во медиумите. Членовите на Локалните консултативни совети и NCC се главни актери кои ги пренесуваат пораките;
- Зголемено лобирање со директно учество на што повеќе загрозени луѓе на симболично значајни места, како Собранието на републиката (националниот парламент).

**Научени лекции**

- Тешко е справувањето со почетните очекувања. Оваа разноврсност од проблеми треба да се покрие на раните средби.
- Учеството е само можно откако ќе се покријат почетните чекори, вклучувајќи ги информираноста и обуките (за сојалните професионални лица и луѓето кои живеат во сиромаштија). Без информираност нема учество.
- Да се определи доволно време за разбирање на приниципите на делување на ЕАПН Португалија.
- Комуникација меѓу членовите со социјалните професионални лица да се загарантира. На некои луѓе им е потребно повеќе време да ги разберат темите за кои се дискутира, да го споделат знаењето и секако ова има влијание врз процесот учество.
- Флексибилност и подготвеност на промена или адаптирање на организацијата на работата. Поради вродените ограничувања на животните услови на некои од учесниците, неопходно е да се преадаптираат распоредите на средбите/активностите, адаптација на работни методи итн.
- Учеството е лесно кога работиме партнерски, искористувајќи ги ресурсите и разменувајќи ги искуствата.
- Учеството бара време и физичка блискот и блискост на односи
- Учеството секогаш подразбира правење напори надвор од индивидуланата сфера... тешко е да мотивирате, инвестирате, имплементирате и на учеството да му дадете континуитет ... Но, можно е! Само треба да сме

отворени за нови форми на комуникација, планирање и организација на нашата работа и нашето општество.

*Учеството се надградува на учество!*

**Ана Клаудија Албергарија**, claudia.albergaria@eapn.pt

Оддел за истражување и проекти, ЕАПН Португалија, www.epan.pt

**Сведоштво – лично искуство од учеството**

*„Тука сите зборуваме на ист јазик... сакаме да докажеме дека сме човечки суштества!*

*ЕАПН претставува суштински дел од мојот живот. Во минатото, бев сама на улица и немав ништо, но во оваа состојба навистина ги почувствував проблемите и пречките што луѓето во ваква ситуација треба да ги надминат. Овде, во Консултативниот совет на ЕАПН Португалија разбрав за состојби многу полоши од мојата...луѓе со поголемо внатрешно богатство но со драматични животи без начин за излез од несреќите и избавување од сиромаштијата. Без ЕАПН за овие состојби немаше да се знае, не дека никој не е загрижен но дека ако засегнатите лица не се мотивирани, не сакаат да зборуваат, не се жалат. Тука сите зборуваме на ист јазик. Сите имаме живееено во најбедни услови и знаеме дека секој од нас сочувствуваше со проблемите на другиот. Јас ги надминав своите!*

*Моето учество во Консултативниот совет служи за охрабрување на другите да преземат напор и да продолжат и понатаму; но исто така сакаме и да го привлечеме вниманието на донесувачите на одлуки и сакаме да им покажеме на нашите власти дека постоиме и сме граѓани*

*со полно право. Многумина од нас, во овој простор за учество, мислиме дека сме луѓето на кои треба да сметате.*

*Од моето учество во советот и со ЕАПН стекнав огромно знаење, се развив во вистинска личност. Мојата мотивација е да се придонесе за сите да имаат достоинствен живот, дом, работа, образование и пристап до културата. Ако сите овие години му помогнав барем на еден од нас... тогаш се исплатело целото мое учество!*

*Проблемите претежно се немање време или усогласување на распоредот, и на елементите кои се составен дел на одборот на Локалните консултативни совети или за локалните професионални лица со кои работиме.*

*Пораката која сакам да ја пренесам е дека сите луѓе треба да размислат дека можно е еден ден и тие да паднат во замките на сиромаштијата. Ова станува сѐ поголема реалност; линијата е многу слаба. Денес имаме организиран и удобен живот, а можно е утре да изгубиме сѐ и да немаме ништо. Не им се случува само на другите!“*

*Аделиа Фернандес, член на Локалниот консултативен совет во Сетубал од 2009 год. и обласен претставник во Националниот консултативен совет на луѓето кои живеат во сиромаштија и/или социјална ексклузија на ЕАПН Португалија*

**ЕАПН Шпанија**

**Локални и регионални активности за учество на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија**

**Зошто работиме на учеството?**

**ЕАПН Шпанија работи да обезбеди дека на луѓето кои живеат во сиромаштија и/или социјална ексклузија да им се чуе гласот преку развојот на еден иновативен модел на учество во социјалните НВО, како и преку оспособување на луѓето за социјално и граѓанско учество. ЕАПН Шпанија промовира учество на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија и за нивните социјални НВО преку развој на политики и активности засновани на нивните интереси и мислења и обезбедувајќи ги со средства за постигнување учество.**

ЕАПН Шпанија ни прикажува две искуства со процесот учество. Овие покажуваат како локалните и регионалните активности и методологии кои се честопати компатибилни и може да се фази од еден ист процес, што доведуваат до учество на луѓе во социјална ексклузија.

**Студија на случај 1: Учество на луѓето како средство за социјална инклузија во Баскија**

Социјалните организации ја повикаат ЕАПН Еускади да развие едно пилот искуство за промовирање на учетсвото на луѓето во социјалните организации. Секоја организација работи со луѓе со различни потреби и пристап на работа, но сите тие имаат слични проблеми при започнување со процесите за учество во програмите за социјална инклузија: различни јазици, не ги знаат каналите за учество, недостаток од доверба и разбирање од професионални лица за отварање на каналите за учество. Врз оваа позадина, ЕАПН Еускади ги анализираше средствата кои ги користат организациите за промовирање на учеството; начинот на кој се користат и што мислат за нив луѓето од организациите.

**Целите** на имплементираното искуство опфаќаат:

- Одредување на степенот на учество на луѓето во социјалните организации, вклучувајќи планирање и донесување одлуки.
- Идентификување на конкретните потреби на луѓето во поглед на активното учество во социјалните организации.
- Идентификување на перцепциите на луѓето за организацијата и како го доживуваат нивниот процес на социјална инклузија.
- Оценување на методологијата која се користи во програмите за социјална инклузија во поглед на учеството на луѓето.

- Развивање канали за луѓето да можат да одлучуваат дали да учествуваат или не во социјалната организација.

*Најиновативниот* аспект на искуството кое го спроведовме има двојна вредност:

- Се состои од неколку организации кои работат со различни групи, што ќе дадат споредливи резултати и ќе го олеснат преносот на знаења. Понатаму, неопходно е секоја организација да користи различни техники
- Како второ, групата го користи своето искуство, што се извршува на ефикасен начин и донесува заклучоци кои ќе станат теорија

Искуството се реализираше истовремено во 7 социјални организации во баскискиот регион, вклучувајќи и федерација која се состои од 4 организации. Секоја организација има различен работен пристап и проблемите со кои се соочуваат луѓето со кои работат се различни. Различните методологии се адаптирани и за организациите и за луѓето. Ова ќе овозможи полесен трансфер на знаење во иднина.

**Резиме од секое искуство:** Додека беа инволвирани 7 организации, една од нив се приклучи само на половина од процесот, што подразбираше дека сè уште не можат да бидат донесени никакви заклучоци или идни предлози.

1. Fundacion Gizakia: Работа со возрасни лица (претежно мажи) со проблеми со зависност од наркотици. Во секоја од извршените програми е имплементирано учеството.

   a. Методологија: Анкета и динамика на групата (групи за дискусија поделени по програми) во кои луѓето ги оценуваат сите

инструменти имплементирани со основањето за да промовираат учество.

б. Предлози за подобрување:

i. Се донесе прирачник од процедури, во кој беа утврдени роковите и методите на одговор на потребите на луѓето

ii. Да се инкорпорираат процеси на учење за активното учество во методологијата на работа со луѓе

2. Federacion SARTU: Имплементирање во 4 организации.

а. Методологија. Процесот го следеа истите луѓе во сите пилот искуства:

i. Избрани се разни професионални лица во секоја од програмите за да бидат дел од процесот. Пристапот на организацијата за учеството се зема за основа и ги информираат луѓето за тоа

ii. Повеќе сесии со луѓето кои треба да учествуваат се воспоставени според следнава шема. По секоја сесија, професионалците ги изнесуваат заклучоците со групата луѓе учесници во одредена програма, собирајќи ги нивните мислења:

01. Анализа на конгретната програма од перспектива на учество. Систематизација на искуството.
02. SWOT анализа/ анализа на јаките и слабите страни, можностите и заканите
03. Идентификување на активностите/мерките што треба да се преземат во поглед на ефинираното и идентификувано социјално учество

б. Секоја организација избира конкретна програма во која ќе се имплементира пилот искуството

| **Програма и место на имплементирање** | **Профил на луѓето** | **Предлози за промена** |
|---|---|---|
| **Билбао. Професионална обука** | Профилот на луѓето се менуваше во последниве неколку години: во моментов 10% странци наспороти 90%. Проблеми со нерегистрираниот статус и проблеми со јазикот. | -Развивање/ адаптирање на инструментите за социјална интервенција<br>-Развивање/ адаптирање на нови ресурси за вработување<br>-Развивање „непрофесионални“ компетенции<br>-Вмрежување<br>-Промовирање простор за еднакви односи |
| **Дуранго. Работилница за одржување** | 100% мажи. Два профила на луѓе: Половина се мигранти без документи, а другата половина имаат проблеми со менталното здравје | -Зголемување на интеракцијата помеѓу луѓето во групата<br>-Поттикнување на учеството во раководењето со буџетот<br>-Зголемување на |

| | | |
|---|---|---|
| | | бројот на работилници (во организацијата, во заедницата) |
| **Сан Себастијан. Работилница за ромски работнички** | Ромки постари од 16 години. Упатени од социјалните центри. | -Зголемување на помошта на жените<br>-Зголемување на присуството и видливоста на жените во сите услуги (инкорпорирање на родовата перспектива)<br>-Промовирање на простор за размислување<br>-Промовирање на учеството на жените во нивните населби<br>-Усогласување и заедничка одговорност |
| **Виторија. Red Sendotu.** | Мрежа од организации (социјални организации, владини организации и луѓе), Sendotu работи на социјална превенција, помош и промоцијаод полова | -Имплементирање на заеднички активности<br>-Промовирање на учеството на женските |

| | | |
|---|---|---|
| | перспектива. Иако е мрежа на организации, во нејзини рамки има ранлива категорија лица (асоцијации на жени мигранти, од рурални средини...) | корисници во групата<br>-Ангажирање на организациите во и надвор од мрежата<br>-Развивање и зајакнување на заеднички јазик |

3. Asociación Elkarbanatuz: Работа со возрасни мигранти, претежно мажи од Африка на возраст од 19 го 50 години со семејства и малолетни деца

   а. Методологија што се користи: Сесии со професионални лица за размислување за учеството, на кои подоцна ке се приклучат корисниците на програмата за да ги споредат извечените заклучоци. Оценување на конкретните аспекти од програмата низ состаноци.

   б. Предлози за подобрување:

   i. Placement of the Cicerone figure (доброволни корисници) за добредојде на новодојдените
   ii. Оценување на предлозите за подобрување и донесување одлуки заедно со корисниците

4. CEAR Euskadi: Возрасни мигранти и баратели на азил. Пилот искуството се имплементира преку лобирањето на организацијата. Ги таргетира професионалните лица кои не им даваат директни

услуги на мигрантите и барателите на азил; создава еднакви односи помеѓу професионалците и корисниците.

а. Методологија: групите за дискусија ги оценуваат програмите за учество на CEAR. Се изведуваат работилници во кои меѓусебно се менуваат улогите професионалец-корисник (работилниците ги организираат луѓето кои ги користат услугите на организацијата)

б. Предлози за подобрување:

i. Луѓето го поврзуваат учеството со простор за кој порано не размислувавме дека е инструмент за учество во организацијата. На овој простор гледаат како на свој, во кој можат да дадат свој придонес. Организацијата го менува сфаќањето кое го има за програмите за учество за усвојување на оние програми предложени од корисниците
ii. Се иницира процес за редефинирање на процесите за социјална интревенција на огранизацијата врз основа на предлозите од корисниците и изразените потреби

5. Asociación Bizitegi: Работи со бездомници, корисници на дрога и/или луѓе со проблеми на менталното здравје.

а. методологија: се спроведува на два различни начини:

i. Преглед и ревизија на резултатите од анкетата што го мери задоволството која им се дава на луѓето на годишно ниво за да се овозможи оценување на учеството
ii. Вклучување на корисниците во групите за дискусија за изготвување на Стратешкиот план на организацијата

б. Предлог за поодбрување:

i. Ќе се спроведе студија за понатамошно истражување на потребите и учеството на луѓето

6. Cáritas Diocesana de Bilbao: Работи со три програми за бездомниците, претежно возрасни мажи.

а. Методологија: Започнат е процес на размислување во две насоки:

i. Работа со разбирањето и потешкотиите со кои се соочуваат професионалците во воспоставувањето на процесите на учество. Ова се изведува низ месечни работни сесии со одговорните професионални лица на трите програми за бездомници
ii. Оценка на постоечките процеси на учество од страна на луѓето кои ги користат услугите, се одвива преку состаноци, анкети за мерење на задоволството и индивидуализирани туторијали.

б. Предлози за подобрување:

i. Главниот проблем е неподготвеноста на професионалните лица за отварање канали на учество, па работата со групните сесии ќе продолжи да се извршува на секои два месеци и ќе продолжи размената на професионалци помеѓу услугите
ii. Одлуките донесени на барање на корисниците ќе бидат вратени и оценувани заедно со корисниците на услуги

**Студија на случај 2: Учество на луѓето  соочени во ризик од сиромаштија и социјална ексклузија  во Кастиља-ла Манча**

Овој проект, започнат во 2007 год. прозилегува од два извори. Едниот е поврзан со техничка оценка на Втората регионална програма за социјална интеграција во Кастиља ла Манча, во кој мора да се инкорпорираат мислењата на примателите на програмите за социјална интрегрaција. Другиот одговата на ЕАПН – Кастиља – Ла Манча посветени да смеаат на учеството како на клучен елемент, инкорпорирајќи го како методолошка стратегија за промовирање на инклузијата на најзагрозените лица. Од друга страна пак, во поглед на инклузијата и влијанието на работата на ЕАПН во учеството во Кастиља ла Манча. Истовремено, на професионалните лица треба да им се дадат инструменти кои промовираат лично вклучување и учество на луѓето во процесите за социјална инклузија.

Главните цели на проектов се:

- Промовирање на социјални организации кои работат со луѓе во ризик од социјална ексклузија како простор за оспособување на овие луѓе, преку процесите за социјално учество имплементирани во нив
- Промовирање на влијанието врз регионалните политики за социјална интрегрaција преку оценување од корисниците на проектите за социјална интрегрaција од перспектива на корисниците

Има две групи приматели. Од една страна, тука се корисниците на проектите и програмите за социјална интрегрaција, а од друга страна пак, тука се и професионалните лица кои работат во проектите за интеграција на различните моадлитети осмислени од PRIS (регионална програма за

социјална интреграција) развиени и од социјалните услуги на советот и тимовите за социјална организација во нашиот регион.

Овој проект покажува како социјалната инклузија може да се разгледа од различни перспективи, надвор од личните проблеми и го истакнува чувството за активно граѓанство и посветеност на заедницата.

Низ развојот на ова искуство, откривме дека методологиите користени во обуките на професионалните лица и консултативните процеси со луѓето вклучени во проектите за социјална интреграција се валидни. Понатаму, дозволува да се прошири влијанието во насока на вклучување на регионалното креирање политики.

Што се однесува на пречките, дознавме дека администраторите на јавните услуги немаат доволно искуство и вештини и не ги извршуваат процесите на учество. Исто така, идентификувано е и дека постои извесна доза на разбирање при воспоставувањето на партиципативните процеси што можат да доведат до загуба на моќта во донесувањето одлуки.

Со изведувањето на овој проект, планиран е да го одбрани формативниот модел за професионални лица/администратори што покажува како да се инкорпорира социјалната инклузија како процес во кој заеднички се донесуваат одлуки за подобрување на заедницата.

**Социјалното учество е уште едно право на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија!**

**Група за учество при ЕАПН Шпанија**
За повеќе информации котактирајте го
josejavier.lopez@eapn.es

**Сведоштва – лични искуства од учеството**

Следниве мислења се опфатени во групите за дискусија со лицата ангажирани во процесите за социјална инклузија и учествуваат во разни проекти за инклузија во Кастиља ла Манча. Иако не е директно дадено во повратните информации за нивното учество, може да се забележи една желба; сигурност дека тие треба да се дел од решението на проблемите. Многу учесници сакаат да се приклучат бидејќи сфаќаат дека можат да научат нешто еден од друг. Сфаќаат дека имаат заеднички проблеми кои не се само со пари. Честопати поддршката која им треба повеќе е техничка отколку економска (иако можат да видат подобра финансиска помош). Клучната точка е чувстото дека тие прават нешто, не само дека се „пациенти". Она што го добиваат не е само социјална милостина, но со малку помош, со нивен труд ќе успеат.

*„Ако отидам до градското собрание и ако кажам „Еј, нема ли начин како да се организираме?, сакам да запознаам повеќе луѓе со исти интереси како моите, и не само нешто да бараме, туку и да дадеме? Не само на економски план, туку да дадеме идеи..."*

*„...Ми доаѓаат дома луѓе, една жена, видете, немам работа, гладувам, ќе дојде некој друг" Ме отпуштија од работа, почнав да тонам и тогаш прашав „можеме ли да направиме нешто заедно?"*

*„...Тогаш ми рековте (обраќајки се на службеник од општината, „Зошто не се приклучиш?" и склучивме партнерство... а јас велам сѐ уште буквално ништо немаме направено. Започнавме со огромен ентузијазам, нестрпливи да работиме...проекти."*

*„Работам, а тие ми помагаат во проблемите. Многу сум возбуден и ми дава голема сила од ден на ден/ for the day to day*. Да се соочам со тоа што ми се случи, зошто не сакам да се вратам назад... Гледам дека мојата состојба е многу различна сега...“*

*„Јас и група пријатели сакавме да се интрегрираме со Ромите. Ги има многу во населбата... како сите заедно да се интрегрираме, заедно да работиме, работилници. Ромките што готват: тие нас нè учат, ние нив...“*

*„... А ние сме 8 девојки од 8 земји, но добрата работа е што учиме една од друга. Да видиме, тие ни нудат пријателство, грижа за луѓето, за нас.“*

*„Немав работа, не знаев што да правам. И си реков, морам да направам нешто... Тој ништо не можеше да направи. Дај ми мене. Ќе се вклучам во НВО... и тогаш ме ангажираа да работам со имигранти. Се вклучив бидејќи морав да направам нешто и не сакав да стојам настрана од општеството...“*

*„Во прокетите во кои сум вклучена... Ние, јас не добивам никакви грантови ни субвенции...а никогаш не сме имале проблеми со пари – никогаш!“*

*„Отидов да волонтирам во НВО, знаев дека нудат курсеви за обука. Сега сум на курс за храна/ food handler*. И на други курсеви што ги наброив. Ќе помагам во проектот за социјални оброци во Гвадалахара... Тоа е можност. Се надевам добро ќе ми оди во иднина.“*

*„Исто така ми е многу удобно, срекавам луѓе, учам и добро ми е. Одлично ми е. Правам нешто контруктивно. Немам искуство (но) тогаш може ќе видам или кажам нешто што може да ги смени работите...“*

**ЕАПН Шкотска**

**Проектот на Алијансата за сиромаштија – докази, учество, промени - Спроведување во пракса на учеството во Шкостска**

**Зошто работиме на учеството?**

**Веруваме дека на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална експлузија треба да им се овозможи да придонесат во изнаоѓање решенија на проблемите кои се однесуваат на нивниот живот (од нашиот стратешки план).**

**Краток контекст**

Вклучувањето на луѓето кои живеат во сиромаштија отсекогаш било во центарот на пристапот на Алијансата за сиромаштија, а мрежата за борба против сиромаштијата во Шкотска ја презема нашата работа. Од нејзиното

формирање пред околу 20 години, Алијансата има развиено и поддржано широк спектар на проекти со најразновидни пристапи за поддршка на ангажирањето во развојот на политиките. Искуството од вршењето вакви проекти нè научи една многу важна лекција – потребен е процес за поддршка на учеството. Има премногу проекти за учество кои немаат доволно ресурси, или се краткорочни или непозврзани со главните процеси.

Уште од 1999 год. кога Шкотска доби свој парламент се разви голем број на стретегии за справување со сиромаштијата. Додека овие често вклучуваат пообемни консултации во нивниот развој, опфаќајќи ги и луѓето кои живеат во сиромаштија, не одржаа конзистентно ангажирање со луѓето и организациите на ниво на членство. Проектот *Доказ, учество, промени* се разви **за да ја покаже вредноста на конзистентното ангажирање и дијалог, како и влијание врз развојот на политиките, мониторинг и оценување.**

### Опис на студијата на случај

*Докази, учество, промена* е четиригодишен проект од Big Lottery Fund, финансиран со околу 900,000 евра. Главната цел му е поддршка на луѓето кои живеат во сиромаштија, членството и волонтерските организации за да влијаат врз развојот на политиките за борба против сиромаштијата. Проектот има ри клучни елементи:

1. **Обука** за членството за да им се објасни како може да дојде до промени,
2. Поддршка за **партиципативно истражување** за да им овозможи на заедниците да генерираат свои докази,

3. Формирање на **партиципативни форуми** за здружување на креаторите на политики и луѓето кои живеат во сиромаштија, и заедницата и волонтерските групи за да влијаат на развојот на политиките

Проектот ангажира и Community Research Officer, a Policy and Parliamentary Officer и административен помошник за поддршка на проектов. Подолу ќе се сконцентрираме на еден од форумите формирани под проектов.

**Создавање простор за дијалог – Форум на засегнатите страни за справување со сиромаштијата**

Форумот на засегнатите страни за справување со сиромаштијата се состои од околу 40 члена; една третина се виши владини државни службеници на локално и национално ниво, една третина се вработени во волонтерскиот сектор и една третина се луѓе кои живеат во сиромаштија. Форумот заседава на секои шест месеци за преглед на напредокот направен за „Постигнување на нашата потенцијална“ рамка за борба против сиромаштијата за Шкотска. Форумот е составен од членовите, што значи дека истите луѓе редовно се среќаваат, создавајќи континуитет и одговорност. Формирани се работни групи за да работат на клучните теми помеѓу средбите. За темите се договараат колективно членовите на форумот. Имаше три краткотрајни работни групи досега кои се сконцентрираа на нееднаквостите во здравството, стигмата на луѓето кои живеат во сиромаштија и детската сиромаштија.

Главната цел на форумот е создавање простор за постојан дијалог помеѓу лицата директно инволвирани во креирањето политики, лицата кои работат за постигнување влијание во креирањето и оние кои се засегнати од исходите од политиките. Има за цел создавање простор каде луѓето можат

да се соберат еднакви едни на други и да работат за создавање подобрено креирање на политики за борба против сиромаштијата. Исто така овозможува мониторинг на мрежата за борба против сиромаштијата, истакнувајќи ги местата каде има напредок и оние на кои се забележуваат слабости.

**Што функционира добро**

Форумот има многу позитивни аспекти.

- Создава простор за **редовен** дијалог помеѓу луѓето кои живеат во сиромаштија, заедно со заедницата и волонтерските организации и државни службеници одговорни за креирањето политики за справување со сиромаштијата. Ваков редовен дијалог не постои никаде и им дава придобивки и за лицата кои се трудат да влијаат врз креирањето политики и за креаторите на истите. Креаторите на политиките се изјаснија дека немаат доволно можност директно да ги чујат лицата засегнати од овие политики
- **Многу сконцентриран** пристап. Со употребата на тематски работилници форумот може да помогне да дојде до вистинско влијание врз политиките. Првата работна група за нееднаквости во здравството директно влијаеше за содржината на прегледот на политиките за нееднаквост во здравството во Шкотска. Работната група се состоеше од пет активисти од заедницата и шест креатори на политики помогнати со парламентарен службеник за политики/ policy and parliamentary officer. Подготвителната работа се реализираше со активистите, овозможувајќи им да се ангажираат со пошироката заедница. Потоа беа оддржани две средби со краторите на политики, на првата беше објаснета улогата на креаторите на

политики и дискусијата на клучните теми, на втората на која креаторите на политики добија повратни информации од прегледот за напредокот и како биле земени предвид нивните ставови. Процесот заврши со средба помеѓу Министерот за јавно здравство и активистите од заедницата.

Зошто беше успешна работната група за нееднаковости во здравството?

1. **Јасни беа причините за учество,** кои доведоа до реални очекувања на сите учесници
2. **Подготвителните средби** се оддржуваа со други членови од заедницата. Лицата вклучени во работната група не размислува само за своето искуство, туку можеа да црпат од искуството на останатите во заедницата
3. Вишиот државен службеник која ја водеше оваа група имаше многу **добро разбирање на учеството** и се заложи за вистинските аспекти
4. Потребно беше време за **да се разберат улогите и одговорностите** на креаторите на политики, што значеше дека на вклучените лица им стана појасно за процесот креирање политики и кои се можностите и ограничувањата
5. Имаше искрена посветеност од креаторите на политики **да ѝ дадат повратни информации** на групата поislушувањето на нивните искуства. Ова го разгледа „заморот од советување" кој се јавува толку често како непланиран исход од ваквите процеси
6. **Вистински дијалог со почит** се воспостави помеѓу учесниците што овозможи двонасочна размена, а не еднонасочно цитирање податоци

**Предизвици на пристапот**

1. **Ангажираност:** преставува сложен процес кој одзема многу време за создавање мрежа од луѓе во сиромаштија и сакаат да се вклучат. За ова постојат бројни причини: луѓето не сакаат да ги етикетираат како „сиромашни“; постои недоверба и цинизам за политиката и дали навистина се можни промени; неостварливо е влијанието врз политиките и резултатите не доаѓаат брзо. За надминување на некои од предизвицива уште од почетокот сме јасни за процесот и што може да се постигне, а што не. Исто така се обидовме да ги истакнеме придобивките за некои поединци: доверба, зголемување на социјалните мрежи, средби, гласно изнесување на ставовите, учество во движење
2. **Контекст:** без разлика колку добро е воспоставен некој процес, јасно е дека не оперира во вакуум и дека политичкиот контекст ќе има огромно значење. Форумот на засегнати страни е формиран во 2009 год., кога економската клима создаваше потешкотии за реализирање на стратегиите за справување со сиромаштијата во Шкотска. Промена во владата на ниво на Обединетото Кралство доведе до значајна промена на насоките во политиките за социјална работа. Ова може да е и разочарувачки контекст за луѓето кои се обидуваат да влијаат врз политиките, бидејќи можно е да изгледа дека се запоставени многу барања.

**Научени лекции и влијание врз мрежата**

Проектот *Докази, учество, промена* е на пола пат, а има јасни лекции кои се појавуваат од него. Главната цел на овој проект е создавање процеси во кои луѓето чувствуваат дека е подобро тие да влијаат на политиките за борба против сиромаштијата. Присутни се предизвици за

реализирање на ова во тековната економска и политичка клима. Додека имаме напредок со проектот *Докази, учество, промена*, сè уште треба цврсто да го вкорениме форумот (и другите делови од проектот) во шкотските структури за „креирање политики“. Откако ќе бидеме сигурно дека се случува ова, учеството само ќе биде дел од начинот на кој ги „оствaруваме“ политиките во Шкотска.

Но, за остварување на вистинско учество сè уште ни се потребни ресурси. Дури и со многу финансирање, следење на сите проблеми кои се појавуваат низ процесот ангажирање претставува предизвик. Појаснување на приоритетите, развивањето конкретни активности со лицата со кои работиме и формирањето сојузи со други се сите од суштествено значење за остварување на учеството. Важно е да се покаже каде имаат влијание врз политиката ставовите и искуствата на лицата кои зеле учество, каде всушност настануваат промени.

Искуството од проектот *Докази, учество, промена* повторно ја потврди потребата за **дијалог** дека постојат реални придобивки од долгорочното ангажирање на членството при развивањето на национални политики. За креатоите на политики не е доволно само да ги чујат сведоштвата на лицата во сиромаштија, па после да се свртат на „вообичаената работа“. Мора да се посветат на изнаоѓање решенија за сиромаштија со лицата кои живеат во тие услови. Во овие тешки економски времиња учеството се чини како непотребен луксуз, но веруваме дека всушност е позначајно од кога било доколку сакаме да ги идентификуваме вистинските решенија за ралните проблеми.

## Допирање до различни групи од заедницата

Проектот *Докази, учество, промена* на Алијансата за сиромаштија работи со многу групи од заедницата и поединци кои имаат искуство во сиромаштијата и истиот произведе значајни размислувања на овие групи за борба против сиромаштијата во Шкотска. Некои од групите вклучуваат:

- Видете го брифингот за *Докази, учество, промена*: Излеговме од затвор, но се уште не сме слободни www.povertyalliance.org.uk/ckfinder/userfiles/files/EpicBriefingNo2AW.pdf и студијата на случај на шкотската влада Рути за излез од затвор www.scotland.gov.uk/Resource/Doc/1031/0115339.pdf
- Лица кои имаат искуство во злоупотребата на droги: Шкотскиот форум за наркотици за зависности и сиромаштија www.sdf.org.uk/sdf/429.200.321.html#engaging
- Групите на жени во Глазгов
- Младински групи во Стирлинг и Единбург: видете го брифингот Младите луѓе и транзицијата: изгубени овци кои ги бараат патот?
- Група од бездомници во Инверклајд и Абердин
- Група од заедницата која се наоѓа во сиромашен кварт на Глазгов што ги здружува различните делови од заедницата низ образовни активности www.playbusters.org.uk/articles/article.php?articleID=2

**Сара Велфорд,** Policy and Parliamentary Officer, Алијанса за сиромаштија, членка на ЕАПН Обединето Кралство, sarah.welford@povertyalliance.org

**Сведоштво – лично искуство од учеството**

*„По двегодишната битка со молбата до шкотскиот парламент (NHS 24), не добивме никаков одговор од пратениците, го прашав Питер Кели на Алијансата за сиромаштија ако може да ми помогне. Тој ме информираше за новиот Докази, учество, промена проект што беше формиран неодамна. Присуствував на првата тренинг сесија и од тогаш сум сè повеќе инволвиран. Станав член на Форумот на засегнати страни за справување со сиромаштијата. На форумот учествував во три кратки работни групи:*

1. *Нееднаквости во здравството – чие интересирање беше прегледот на шкотската влада за нивната стратегија во здравството. Се сконцентрирав на влијанието на сиромаштијата врз детското здравје во најраното детство.*
2. *Стигма – Оваа група се погрижи како подобро да се справиме со стигмата која се поврзува со живеењето во сиромаштија, особено лицата кои добиваат социјална помош. Бев вклучен во снимањето краток филм и кампањата за слогани против стигматизирањето „Залепете си ги етикетите!“*
3. *Стратегија за детска сиромаштија – се сконцентрира на искуството на родителите во воспитувањето на децата кои живеат во сиромаштија*

*Овие две групи ми овозможија да се ангажирам заедно со членови на шкотскиот парламент, владини претставници и креатори на политики за да ги изнесам сопствените мислења и мислењата на заедницата за нивните политики.*

**Моите импресии и што мислам дека беше корисно во проектот *Докази, учество, промена***

За мене проектот *Докази, учество, промена* е како глас од Бога. Добив шанса да научам за политиката, да го научам жаргонот, ми овозможија да работам заедно со креаторите на политики, нешто што претходно не можев да го остварам како поединец.

Научив како да поднесам молба до парламентот и си ја зголемив самодовербата и самопочитта и повеќе не се плашам да се ангажирам во работата со креаторите на политики.

Сега се чувствувам моќно да се справувам со проблемите со кои се соочувам јас и мојата заедница и сега можам гласно да го кажам своето мислење.

Подучувачите од *Докази, учество, промена* ми помогнаа да пристапам до мрежите, да напишам извештаи и 100% ме поддржаа што поради мојот инвалидитет не можев да го постинам во друг случај. Наместо да седам и да се жалам за проблемите, сега се справувам со нив.

Со помош на *Докази, учество, промена* сега се извршуваат моите две кампањи.

За мојата прва кампања за making calls to NHS 24 free from mobiles, се поднесе електронско барање, заврши првото сослушување од одборот и сега ги очекувам резултатите од пилот тестот да видам дали е можно да се спроведе во реалноста. Без *Докази, учество, промена* никако немаше да можам да го остварам ова. Во моментов сум во процес на соработка со членови на парламентот, за ново барање за грант за училишни униформи.

Сѐ на сѐ, огромниот успех на *Докази, учество, промена* е што всушност ги гледаме резултатите за што водеа кампања *Докази, учество, промена*, на пр. петте лидери на шкотските политички партии ја потпишаа изјавата против стигматизирање.

*Докази, учество, промена* ми даде „глас“ и ми овозможи да ме „чујат“.

*Керолин Мокфорд, член на Форумот на засегнати лица за справување со сиромаштијата*

**Ценри за невработени во Дербишир**

**Ништо за нас – без нас**

**Вклучување на невработените во кампањите и давањето услуги**

**Зошто работиме на учеството?**

**Учеството на невработенитеили на барателите на социјална помош е гаранција дека организацијата нема да ја смени својата намена, цели и поента. Организацијата се обидува да го стави во пракса слоганот *„ништо за нас без нас“.* Треба самите да се организираме да ги ангажираме луѓето во нашата работа. Треба да се покријат трошоците, социјалниот аспект од искуството со вклученоста треба да е на приоритет и да се стимулира личниот развој.**

**???Community group – граѓанска група**

**Вовед**

Џастин има 36 години и е невработена. Во минатото сменила многу работни места во фабрики,, пабови, продавници и агенции за чистење.. Џастин има две деца, едното е на факултет и има хорорарна работа, а другото е на училиште. Отсекогаш учествувала во волонтерска работа во училиштата и граѓанските организации. Го напуштила училиштето на 14 годишна возраст кога се разделиле нејзините родители и започнала со работа во една фабрика на 15 годишна возраст, нема формално образование. Работите што ги вршела не биле многу платени и нуделе многу слаб личен и професионален развој. Дури и работните места со лош квалитет се ретки во областа каде живее.

Џастин многу се вознемирува кога се потценуваат невработените и лесно ги отфрлаат проблемите со кои се соочуваат. Таа верува дека луѓето кои никогаш немале потреба да од услугите за вработување и нивните надворешни ограноци не разбираат низ што што треба да минат невработените. Џастин троши многу време барајќи и аплицирајќи за работа. Ја ангажираа во нивниот локален центар за невработени како волонтер.

Во обидот да стане советник нејзината улога подразбира и курсеви за обука и други можности. Таа вели *„само затоа што сте невработени, не значи дека сте мрзеливи паразити како што е претставено во медиумите.“*

**Опис на пристапот**

Центарот за невработени активно е вклучен во англиската мрежа за борба против сиромаштијата и има одлично реноме за својата работа во кампањи за теми

поврзани со невработувањето и бенефициите. Организацијата не гледа на своите корисници како на „клиенти“, но како на луѓе со кои има заедничка кауза. Советувачите во центарот, дури и платените, порано беа невработени и волонтери. Центарот за невработени отсекогаш ги интегрира и вклучува луѓето кои ни доаѓаат да побараат помош во кампањите во кои учествуваме. Раководниот одбор претежно се состои од луѓе кои не работат или се баратели на помош, упатувајќи други да ја обезбедат неопходната експертиза и голема ангажираност на заедницата.

Учеството на невработените или на барателите на помош гарантира дека организацијата не ја сменила својата намена и цел. Организацијата се труди да го стави во пракса слоганот *„ништо за нас без нас“*. Ова гледиште се изнесува на средбите на мрежата и е заедничка филозофија низ ограничациите членки. Иницијативата „Да нè чујат“ од организации за борба против сиромаштијата во Обединетото Кралство[14] го претставува овој пристап со организациите кои се обидуваат да го насочат вниманието на креаторите на политики кон луѓето кои живеат во сироматија. Збирот од инструменти кој се доби даде сеопфатни инструкции за развојот на инклузивните средби, и во поглед на достапност и во поглед на учество. Центрите за невработени ги применуваат овие упатства во секојдневната работа и донесувањето одлуки. Околу 30 невработени волонтери се активни во центрите.

Услугите кои ги нудат центрите вклучуваат:

- Проверка на бенефициите
- Пополнување на барања
- Соработка со DWP/ Inland Revenue/ локалните власти
- Претставување на benefit tribunal

[14] Збирот инструменти Да нè чујат може да се најде тука: www.ukcap.org/getheard/downloads.htm

- Водење кампањи
- Советување на лице место за redundancy/отпуштањата

**Предизвици со кои се соочуваат лицата кои бараат работа**

Учеството во полето на невработеноста отсекогаш било тешко. Немањето работа е изолирано искуство. На луѓето им е ускратен социјалниот котекст на работното место со заедничките грижи и искуства. Владата, вешто потпомогната од медиумите, се обидува да го индивидуализира проблемот со невработеноста, оставајќи им огромна одговорност на лицата без работа. Проблемите кои ги предизвикува невработеноста се огромна пречка за учество во граѓанското оштество. Притисокот од тоа да не правите ништо освен да барате само работа, заедно со психолошките ефекти од етикетата дека сте неспособни затоа што сте невработени ги зголемуваат проблемите. Финансиските проблеми подразбираат дека долгорочното планирање станува невозможно со неопходните основни средства како приоритет. Ограничен е озборот и пошироката слика на заедничките грижи со другите станува потесна. Проблемите со кои се соочува поединецот изгледаат толку непремостливи, па како може некој што е невработен да се преокупира со грижите на другите?

**Улогата на организациите кои нудат можности за учество на невработените**

Во ваков контекст мораме да го оцениме учеството на невработените во рамките на нашата организација. Овие проблеми не смеат да бидат изговор  за инертност, туку тие постојано нѐ потсетуваат за тоа како треба да се организираме за да ги вклучиме невработените. Треба да се покријат трошоците, да се приоретизира социјалниот аспект на вклученоста и да се поттикнува личниот развој.

Џастин ги искористи сите понудени можности за обука како волонтер советник. Таа се интересира за прашањата кои се јавуваатод самата работа. Центрите за невработени не гледаат на советувањето крако крајна цел што често се користи како „маска“ за покривање на проблемите настанати од економските услови и казнените политики. Советниците во центрите се така обучени секогаш да ги ги разгледуваат поширoките теми кои произлегуваат од случаите кои ни ги носат луѓето.

Мрежата ЕАПН помогна да се организираат средби со луѓето кои живеат во сиромаштија, а кои ги посетуваше Џастин. Како резултат на ова таа беше охрабрена да учествува во кампања за адекватен минимален приход. Одредени луѓе му пратија писмо на Канцеларот во кое го замолија да го зголеми нивото на минималните приходи. Дописниците ги споредија своите горливи проблеми со буџетот и неделниот дефицит на многу популаризираната национална должничка криза. Како резултат на ова Џастин првпат се појави на локално радио на кое зборуваше за нејзините проблеми и мотивацијата зад кампањата. Вклученоста на Џастин ја водеше да учествува во конференцијата на ЕАПН за минимален приход, оддржана во Брисел, претставувајќи ја англиската мрежа. Таа се заинтересира и покажа ентузијазам преку среќавањата и слушањата на искуството на другите, особено на оние во Источна Европа. Џастин ги проучуваше темите и се заложија да ја оддржи својата ангажираност. Англиската мрежа одредено време беше заинтересирана во преземањето идеја која се разви од Работната група за вработување при ЕАПН. Планот беше за невработените лица да водат дневник за своето патување во барањето работа во оваа рецесија. Дневникот ќе покрива и интеракција со организациите и бирократиите вклучени во барањето помош и потрагата по работа како и емоционалните и практичните проблеми од живеењето со ниски приходи. Џастин сакаше да се инволвира и го почна својот блог кој може да се најде на www.justine-diaryofajobseeker.blogspot.com

Приказната на Џастин истакнува како пречките во учеството на невработените во мрежите може да се надмине. Поврзува вклученост во активни кампањи и се надоврзува со личен развој. Пречките и бариериет не смеат да се потценат, но не треба да се користат за оспорување на учеството.

**Ништо за нас без нас!**

**Колин Хамптон,** colin.hampton@hotmail.co.uk,
Центри за невработени во Дербишир, www.duwc.org.uk

**Сведоштво – лично искуство од учеството**

*„Ги користев услугите на Центрите за невработени на Дербишир кога требаше да се префрлам од додаток на приходи – поради промена во законот, што опфаќаше даночни олеснувања и детски додатоци. Збунетоста ме остави без приход за еден краток период. Не знаејќи каде да се обратам, тогаш го видов знакот на DUWC.*

*Исто така една моја блиска роднина беше болна и отиде на медицински преглед да одреди каква помош може да добие и ја придружував. Кога таа не пројде на медицинскиот преглед, си реков да не помешале некои работи бидејќи работите во документите за поднесување беа многу контрадикторни, особено бидејќи бев сведок на целата ситуација.*

*Конечно, по живеење од скратен приход скоро цела година, отидов до Трибуналот со неа и со еден претставник и одлуката ѝ беше отфрлена. Целиот процес ѝ ја влоши состојбата. Но, ова беше уште една работа која ме заинтересира да им помогнам на другите кои секојдневно се соочуваат со овие проблеми. Се чини дека има многу малку вистинска поддршка, надвор од агенциите од типот на DUWC.*

*Сакав да ја завршам обуката во област за која мислев дека ќе им биде од помош на заедницата и на моето семејство. Многу ме интересираат луѓето и дознав многу работи за прашањата кои се однесуваат на луѓето кои веќе живеат во сиромаштија.*

*Сакам да ги натерам луѓето како да размислуваат за поголема еднаквост и сакам да најдам работа. Како волонтер во Центарот за невработени се здобив со нови вештини и се вклучив во мојата заедница. Започнав со онлајн проект – дневник за моето искуство во барањето работа. Се надевам дека проектов ќе им помогне на оние кои работат во услугите за невработени за да ги разберат проблемите со кои се соочуваат лицата што бараат работа. Може да ми го прочитате блогот-дневник на следнава адреса: http://justine-diaryofajobseeker.blogspot.com."*

*Џастин Бар, советник и учесник во кампањата на Волонтерски социјални права*

**ATD Fourth World**

**Развивање пристап со луѓето кои живеат во сиромаштија**

**The 4th World People's Universities и интегрирањето на знаењето**

**Зошто работиме на учеството?**

**Лишеноста од учество значи немање глас, неможност да сметате на другите; неможност да си ги остварите граѓанските права и одговорности. Општо земено, не земајќи ги предвид гласовите на луѓето во ексклузија е чин на насилство врз нив и ризик од зголемено социјално насилство и колапс. Граѓанското учество е демократско прашање и пристап до основните права.**

**Започнување политички процес**

Основачите на ATD Fourth World, Јосиф Вресински и семејствата на „кампот на бездомниците“ во Ноази ле Гран близу Париз, започна во 1957 год. со политичка цел: подобар живот не само за нив, туку и за нивните деца и никој повеќе да не страда од сиромаштија како нив.

Целокупното животно искуство ги научи дека не се во можност сами да ја постигнат таа цел – и другите треба целосно да ги поддржат. Од тогаш, илјадници крајно сиромашни луѓе од сите земји заедно се здружија со луѓето од сите сфери на животот да го прифатат предизвикот и да бидат дел од глобалниот стремеж за правда.

## Занемарено знаење

Додека во многу земји заложбите за справување со сиромаштијата се релативно силни, повеќето иницијативи се фокусираат на истата пречка: институции, политичари, академски истражувачи, професионални даватели, дури и со најдобрите намери, изнаоѓаат решенија базирани на начинот како тие гледаат на сиромаштијата. Премногу често, на луѓето кои живеат во крајна сиромаштија се гледа само во поглед на нивните проблеми и од аспект на она што им недостасува и треба. Бидејќи се прави превид на нивното разбирање, стануваат предмет на активности на други луѓе, кои се исклучени од помошта за развој на нашата заедничка иднина, надвор од границите на демократијата. Треба да работат со решенија кои други ги смислиле за нив. Решенијата кои, се развија непочитувајќи ги нивното искуство и визија, премногу често никогаш не функционираат на подолг рок.

## The Fourth World People’s Univerisities

Верувајќи дека делувањето може да даде резултати само ако ги опфати лицата кои живеат во крајна сиромаштија, ATD Fourth World го основаше The Fourth World People's Univeristies во 1972 год.[15] Верувањето дека луѓето кои живеат во крајна сиромаштија имаат знаење кое произлегува од искуство *за самите себе и нивната состојба, за светот околу нив поради кого ги доживуваат овие работи и за тоа што да се преземе за да се спречи сиромаштијата на најранливите*[16] не беше доволно. Треба да се создадат средства кои овозможуваат тоа знаење да излезе на површината и да може да се пренесува.

Fourth World People's Univeristies е раководена во повеќе фази: стигнување до најранливите лица на местата каде живеат, барајќи го нивното мислење, црпејќи од нивното учество. Тие постепено сфаќаат дека даваат свој придонес, дека има што да кажат што би ги интересирало и другите. Ова будење е од витално значење за лицата кои секогаш се занемарени да се осмелат да учествуваат на локалните средби.

Овие средби е втората, подеднакво важна фаза во која, во клима на доверба, секој се обидува гласно да го изнесе она што го мисли и чувствува и има искуство, да нема чувство дека не му судат, како и тоа дека сериозно го сфаќаат, иако некогаш неумесно се изразува. Сметаат дека и останатите се во иста положба. Тоа поттикнува понатамошни размислувања за својата состојба, надминување на срамот и вината за да се впуштат во нови размислувања. Ова се прави преку објавување на вестите за нивното секојдневие и работејќи на еден многу широк спектар од конкретни теми.

Месечна регионална средба ги здружува учесниците од различни локални групи, луѓето од разни профили кои ги направија подготовките заедно или посебно, а

---

[15] *Et vous que pensez-vous ? L'Université populaire Quart Monde*, Françoise Ferrand, Ed Quart Monde, 1996

[16] Јосиф Вресински, "*La pensée des plus pauvres dans une connaissance qui conduise au combat*" in "*Refuser la misère, une pensée née de l'action*" coedition Ed. Le Cerf – Ed. Quart Monde, 2007

често еден или повеќе поканети „гости“ релевантни за темата која се дискутира. Локалните групи даваат повратна информација и се создава дијалог со учесниците. Овие теми се бираат се бираат од дискусиите на локалните групи или во врска со тематските настани.

Fourth World People’s Univeristies и слични процеси конечно се спроведуваат во повеќе европски земји. Се оддржуваат на секои две години на европски Fourth World People’s Univeristy каде се поканети членови на европските институции и НВО.

## Интегрирање на знаењето и праксите[17]

Од Fourth World People’s Univeristies произлегоа експерименталните програми за комбинирање на знаењето и праксите, каде луѓето кои живеат во крајна сиромаштија, активисти на ATD Fourth World, академски истражувачи и професионалци за обука, споредени со нивните прашања, изнаоѓаа предлози, го споделуваа своето знаење, комбинирано со нивни увиди и конечно создаде тело од заеднички напишана работа на теми критични за борбата против крајната сиромаштија.[18]

Интегрирање на знаењето, а не „давање глас“ на лицата кои директно живеат во сиромаштија. Секој е актер и заеднички исражува во процесот уште од почетокот до крајот. Секој има дел во крајниот резултат.

---

[17] Поглавје за интрегрaцијата на знаењето со праксата на француски јазик: www.croisementdessavoirs.org

[18] *The merging of knowledge – People in poverty and academics thinking together*, Fourth World – University research group
University Press of America – 2007

Интегрирањето на знаењето и праксите се одвива низ обуките, истражувањето и активностите.

Голем број на ***заедничко изведување обуки*** се оддржуваат уште од 2003 год., здружувајќи и до петнаесетина професионалци, повеќе луѓе кои живеат во крајна сиромаштија и ексклузија и тим за обука од најмалку двајца – едниот со професионална обука, а другиот, лице кое живее во сиромаштија – што е одговорно за воспоставување на предусловите за комбинирање.

Една заедничка сесија за обука опфаќа работа со комуникацијата, восприемањата, време потребно да се запознаат со секојдневието на другите, пишувајќи и анализирајќи извештаи за искуствата од разни агли. Ги истакнува и става во пракса неопходните услови за учество и партнерство.

Работата е интерактивна и подразбира лично ангажирање на сите.

*„Приоритетите на професионалните лица се насочени кон домување, храна, греење, здравје... Нашите приоритети се поопшти: иднината на нашите деца, тие да имаат добро образование, можноста да бираат што е најважно за нас... Им требаме за да разговараме со нив бидејќи не гледаат на работите на ист начин. Тие зборуваат за волја, контрола, основни потреби; а ние зборуваме за борба, слобода,, приватност, права.“ (Цитати на лица што живат во сиромаштија)*

*„Станавме свесни дека условите на средбата беа различни: во канцеларија, лицата кои живеат во крајна сиромаштија бараат и очекуваат да добијат нешто. Во услови на заедничко изведување обуки, заедно сме за развој низ слушање на еден со друг.Членовите на ATD Fourth World се обучуваат да можат гласно да се изјаснат во името на другите луѓе кои живеат во крајна сиромаштија. (Цитати на лица што живат во сиромаштија)*

**Кои се исходите од ова интрегрирање?**[19]

Овој првобитен начин на здружување на актерите на една средба збогатува со нови идеи. Заедничката работа им помага на инволвираните да развијат комуникациски вештини и можноста да ги разберат средините кои им се туѓи, да склучуваат партнерства.

Интегрирањето на знаењето ги деконструира предрасудите и покрај тоа што не е поддржано во целост, постои и извесно погрешно размислување за развивање на попрецизно разбирање на реалноста, за промена на професионалните, институционалните, социјалните и политичките пракси за овозможување општ пристап до еднакви права за секого.

Лицата кои живеат во крајна сиромаштија кои сакаат да станат коистражувачи и копротагонисти, значи огромна промена на улогите на сите. Интегрирањето на знаењето се стреми кон едно општество во кое секој има свое учество.

**Мари-Сесил Рено,**
делегат на ATD Fourt World на Европската Унија,
marie-cecile.renoux@atd-quartmonde.org

**Сведоштво – лично искуство од учеството**

[19] Практична примена од интеграцијата на знаењето и праксите и трансформирачките ефекти што се јавуваат, детаљно се претставени во: « Le croisement des pouvoirs – Croiser les savoirs en formation, recherche, action » coedition by Ed. del'Atelier-Ed.Quart Monde – Paris 2008.

Мари Јарлинг-Апарисио долги години е активист на Fourt World. Има учествувано во ATD Fourt World* Universities и Програмите за интегрирање на знаењето и праксите за „Луѓето во сиромаштија и академските лица кои размислуваат заедно“, „Луѓето во сиромаштија и професионалните лица со кои заедно следат обуки“ и член е на меѓународниот Одбор ?????? Ова сведоштво е од предговорот на книгата „Интегрирање на знаењето“.[20]

*„Се сеќавам на Ноази ле Гран, сиромашен град. Калта и животните услови значеа дека никој не нè забележува. Бевме аутсајдери – надвор од нормите, надвор од општеството. Често ја наоѓавме мајка ми како плаче, без разлика колку се трудеше да биде храбра пред другите. Нејзините солзи и лошото здравје сè уште се во мене во бесот што го чувствувам кон предрасудите, ексклузијата која произлегува од сиромаштијата.*
*Никогаш не го користам зборот „ексклузија“ за тоа каков беше мојот живот, бидејќи чувствував дека самата сум си виновна што сум сиромашна. Кога го почувствував сиромашниот град, единствената грижа ми беше да не ме забележат. Малку надеж. Фактот што кога се враќав, беше како да дишам, да се враќам меѓу своите, свет во кој сите сме исти – на колена, но сите еднакви.*

*Ја отпочнав битката кога станав свесна за неправдата што ја чувствувавме – ние не сме виновни, туку сме жртви, а сега и борци. Борба против ексклузијата која е сиромаштија. Јосиф Вресински ги замоли сите да си ги преземеме одговорностите во борбата, и со инволвирањето со другите, да дадат глас против сиромаштијата.*

*Се обучувавме во Fourth World People's Universities, луѓе од разни села и градови од разни држави. На себе гледаме како на луѓе кои го чувствуваат товарот на неправдата и крајната сиромаштија. Научивме да гледаме на себе како на луѓе*

[20] “Merging of Knowledge”, Claude Ferrand (ed.), Editions de l’Atelier, Editions Quart Monde, Paris, 2008, 214 страници

*кои размислуваат способни за разислување, поттикнати, се бориме за своите идеи, што комуницираат со останатите. Потоа работиме со академски лица и професионални лица. Заедно со нив истражуваме, го комбинираме нашето знаење, заедно ги пишуваме работите – лудило! Надвор од секаква помисла, но всушност успеавме – не е сон! Со академските лица се работеше за заедничко знаење кое го немавме – социолошко и историско знаење; со професионалните лица, се работеше да надминување на стравовите, предрасудите, отфрлајќи ги препреките од кои страдавме со наставниците, докторите, судиите, социјалните работници итн. Го направивме за нашите, за посветла иднина.*

*Другите активисти од сиромашната заедница заземаат свој став и продолжуваат понатаму. Сѐ уште сме на почеток да се чуе гласот на сиромашните. Глас кој треба да го разбереме за кој правец да го фатиме за секој да добие најдобра можност. Имавме искуство за она што не може да продолжи. Заврши времето кога велевме дека крајната сиромаштија е неизбежна. Имам верба во работата што ја правиме заедно со академските лица и разните институции. Ако изнајдеме ресурси за меѓусебна обука, можеме да ги смениме праксите кои во голем дел не успеаа да се справат со сиромаштијата.“*

*Мари Јарлинг, активист на ATD 4th World*

**Age Platform Europe**

**„Inclusage“ („Инклузија на старите лица“)**

- **Проект кој расправа за потребите на старите лица**

**Зошто работиме на учеството?**

**Нашата мисија е развивање инсклузивно општество за сите возрасти. Ова се постигнува преку долготрајна соработка помеѓу самите стари лица, од една страна и властите и сите останати засегнати страни, од друга, во насока на заедничко партнерство за начинот како се организирани нашите општества. Активното учество на старите луѓе во општеството, вклучувајќи ги и процсите за креирање политики, треба да доведе до зголемено подобрување на квалитетот на животот за старите лица и да се зголеми нивното достоинство.**

**Позадина**

Широко е прифатено како основен принцип на европскиот процес за социјална инклузија дека треба да учествуваат сите засегнати страни при развивањето

решенија за справување со сиромаштијата и социјалната ексклузија со цел политиките да ги остварат потребите на таргетните групи и да се имплементираат на најефикасен можен начин. Но, во пракса креаторите на политики ретко ги консултираат луѓето соочени со сиромаштија и социјална ексклузија, а дури ни старите лица кои живат во сиромаштија и/или социјална ексклузија.

**Проектот**

Спротивно на погореизнесеното образложение, проектот Инклузија на старите лица е дизајниран да ги поттикне владите и креаторите на политики редовно да ги консултираат старите лица кои живат во сиромаштија и/или социјална ексклузија. Во периодот 2008-2010 год., организациите членки на AGE од Бугарија, Република Чешка, Финска, Германија, Италија, Полска и Словачка[21] спроведоа проект за социјална инклузија, INCLUSage - расправа за потребите на старите лица.

За времетраењето на проектот националните партнери заедно со Age развија „Водич за граѓански дијалог за промоција на социјалната инклузија на старите лица“[22] за воспоставување постојана рамка за консултирање и учество на старите лица кои живат во сиромаштија заедно со другите релевантни засегнати страни во национални и локални дебати и креирањето политики за социјална инклузија.

**Активности**

---

[21] Бугарија: Добротворна организација и Tulip Foundation;Република Чешка: Zivot 90; Финска: Асоцијација на пензионери кои зборуваат шведски јазик; Германија: BAGSO и Landesvereinigung für Gesundheit Niedersachsen;
Италија: Ancescao Lazio; Полска: Forum 50+ и Fundacja Ja Kobieta and Slovakia: Forum Pre pomoc Starsim

[22] www.age-platform.eu/images/stories/106_ AGE-civil-dialogue-UK-web.pdf

Главни цели на активностите:

- Поттикнување на националните влади и креаторите на политики редовно да ги консултираат старите лица соочени со сиромаштија и/или социјална ексклузија.
- Инволвирање на сите релевантни актери кои директно се заниумаваат со потребите на старите лица или кои имаат некакво влијание врз ова население во нивната работа, како министерства, парламенти, даватели на здравствени услуги и превозници, општински извршни лица, младински организации, тела за човекови права, полиција, образовни институции, културни центри медиуми итн.
- Воспоставување и зголемување на cross-level дијалог/дијалог на повеќе нивоа и координација: здружување на државните службеници одговорни за изготвување и координирање на Националната стретегија за социјална заштита и социјална инклузија со лицата кои го следат нивното спроведување на терен во регионите на локално ниво.
- Дискутирање за развојот на нови индикатори за социјална инклузија како немонетарните, т.е. се сконцентрираат на аспектите на „квалитетот на животот“ кои варираат од соодветни животни стандарди, пристап до здравствени и социјални услуги, констакт со семејствата, пријателите и населбата, ниво на граѓанско учество итн.

**Цел на проектот**

Нашите активности беа насочени кон сите актери кои се или треба да бидат ангажирани во расправата за добросостојбата на старите лица и да елаборираат национални стратегии за социјална инклузија со цел

остварување на потребите и брањата на стариteб лица. Старите лица, вклучувајќи ги и оние кои живат во сиромаштија и социјална ексклузија, заедно со нивните организации се ангажираа во редовни дебати со креаторите на политики на сите нивоа и другите актери во и надвор од социјалното поле, како давателите на услуги, приватниот сектор, образовните институции, медиумите итн. Поентата на таргетирање на сите овие актери беше мобилизирање на сечие искуство и ресурси со цел конечно да се подобри секојдневниот живот на старите лица.

**Што функционираше добро**

Проектот откри зголемен интерес помеѓу старите лица и нивните организации да ги следат дебатите за политикте и активно да учествуваат во елаборирањето, имплементирањето и мониторингот на развојот на политиките. Искуство од сите земји учесничи исто така потврди дека старите лица сакаат и се спремни да зборуваат за своите проблеми. Исто така постојат охрабрувачки примери во повеќето партнерски земји каде воспоставените билатерални контакти со креаторите на политики за време на проектот го олесна консензусот за тоа како да се подобри социјалната инклузија на старите лица во една долгорочна перспектива.

Се надеваме дека соработката, особено со локалните креатори на политики ке потрае и некои од властите беа во контакт за време на проектот сега ќе воспостави рамки за постојано консултирање за организациите за стари лица. Ангажирањето во дискусии со старите луѓе кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија е сложен процес и мора да има долгорочна стратегија со организациите за стари лица и креаторите на политики, со цел да се олесни и имплементира вистинска размена со ранливите граѓани.

**Предизвиците на проектот**

Донесувачите на одлуки честопати не сакаат да му дадат поголема „моќ“ на граѓанското општество или формално да ја признаат неговата улога и влијание. Исто така постои и тенденција за избегнување на советувањето за контроверзните теми, а повеќе да се фокусираат на оние кои се од особен интерес за донесувачите на одлуки.

Повеќето донесувачи на одлуки го потценуваат капацитетот на граѓанското општество да земат активна улога во оформување на политиките. Постои потреба од правни рамки за граѓански дијалог кој поставува правила и ги објаснува целите на процесот.

Во отсуство на формални структури за граѓански дијалог, организациите за стари лица можат да ги мобилизираат своите ресурси, знаење и искуство со цел да учествуваат во креирањето политики и формулирањето конкретни предлози за вклучување во политиките.

Во насока на сојуз со други популациони групи во ризик од сиромаштија и/или социјална ексклузија, проектот повторно потврди за да ги оформи и влијае на политиките за социјална инклузија, старите лица треба да го координираат лобирањето со другите групи, како млади лица, жени, лица со инвалидитет, разни малцинста итн. Но, често немаат волја за соработка, што не се должи на нивниот мал интерес за граѓански дијалог како таков, но повеќе за немањето доволно пракса и традиција на соработка помеѓу граѓанското општество за заеднички теми.

**Дополнителни наоди**

Со цел да се продолжи и прошири процесот на дебата за потребите на старите лица (во поглед на подобрување на општото знаење за стареењето), проектот „Инклузија на стари лица“ формулираше серија препораки кои можат да се сумираат за овие два предлози:

- Советувањата со цел да соберат ставови на обичните стари лица и нивните организации мора да бидат задолжителни и да покријат не само теми директно поврзани со нивните потреби, но исто така и оние кои се однесуваат на поширок опсег на донесување одлуки (на пр. образование, вработување, сигурност)
- Општински, локални или иницијативи за учество на заедницата кои вклучуваат стари лица, на пр. постари советници се предуслов за инклузивно општество; таквото bottom up водство/водство по нагорна линија го зајакнува директното вклучување на старото население и оди заедно со демократските процеси.

## Импликации за релевантните засегнати страни

### *Креатори на политиките*

Проектот разви „Водич за граѓански дијалог за промоција на социјалната инклузија на стари лица“ кој пртставува препораки: најпрво, за тоа како организациите за стари лица можат да ги оспособат старите лица активно да учествуваат во политички дебати и како можат успешно да учествуваат во процесите за креирање политики и; второ, за тоа како властите можат да ги поддржат старите лица и нивните организации со цел имплементирање одржлив граѓански дијалог за креирање политики во поглед на прашањата на старите лица.

***Креатори на мислења вклучувајќи ги и мас-медиумите и новинарите***

Преку објавувањето на информациите во локалните медиуми, проектот го привлече вниманието на потребите на старите лица и нивните конкретни барања во поглед на „квалитетот на животот“. Партнерите се погрижија не само да соработуваат со другите традиционални НВО, како и за промовирање на дебати од висок профил и нови алијанси со повеќе партнери, заедно со медимуите – особено на локално ниво – за да можат да ги пренесат пораките за потребите на старите лица и да ја зголемат свеста за социјалното секојдневие на најранливите.

**Мациеј Кучарсјук,** AGE Platform Europe,
maciej.kucharczyk@age-platform.eu

**Сведоштво – лично искуство од учеството**

*„Се викам Брижит Петоу. Имам 71 година и сум активен волонтер во лобирањето за стари лица во федералната дрќавна институција* Mecklenburg-Vorprommern. *Важна тема за нас беше зголемувањето на сиромаштијата во староста поради сè подолгите периоди на невработеност. Според Атласот на сиромаштија, објавен во 2007 год. во Германија, нашата земја има највисок процент на луѓе соочени со ризикот да станат сиромашни.*

*Кога се појави можноста кон крајот на 2008 год. да учествувам во европскиот проект „Инклузија на стари лица - расправање за*

*потребите на старите лица" водена од Age Platform Europe, се пријавивме да учествуваме во зајакнувањето на граѓанскиот дијалог помеѓу властите и старите лица заедно со нивните организации за социјална инклузија на старите лица. Ова е поради фактот што во минатото административните мерки сами не се доволни за подобрување на социјалното секојдневие на многу стари лица.*

*Сиромаштијата и социјалната ексклузија претставуваат закана за демократијата. Затоа, важно е НВО ефикасно да се борат со нив. Што може да е поприродно отколку поврзување со лицата погодени од сиромаштија? Но, ова не беше лесно. Старите лица погодени од сиромаштија многу ретко и неволно зборуваат во јавноста за проблемите со кои се соочуваат. Во повеќето случаи причината е срамот, но некои исто така се плашат дека властите ќе ги пренесат одговорностите за справување со сиромаштијата на помладата генерација. Никој не сака им биде товар на своите деца. Таквиот страв и предрасуди може само да ги отфрлат со личен котакт и интервјуа. Така ги најдовме нашите учесници на работилниците.*

*Ме фасцинираа разните проблеми кои ги изразија старите лица. Често покажуваа огорченост за фактот дека личните околности на моменти не се поклопуваа со строгите правни барања и затоа не можат да бидат земени предвид. Сега нашите партнери од интервјуата сметаат на нас. Не смееме, ниту сакаме да ги разочараме. Овие два цитати на крајот од работилницата го илустрираат ова: „Ако не размилсувате на оваа тема, ништо не може да се смени. Денес добро се чувствував. Добро беше што групата за дискусија не беше голема."*

*Се согласувам со оценката на Националната конференција за сиромаштија, организирана од ЕАПН Германија, дека Европската 2010 година за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија во Германија не привлече доволно внимание на политичко ниво. Затоа е значајно НВО да продолжат и понатаму со постојаниот притисок на оваа тема. Во оценката на работилниците, советничкиот одбор на пензионерите од земјата не гледа крај на разговорите за продолжување на дијалогот помеѓу сите релевантни засегнати страни, вклучувајќи ги луѓето кои живеат во сиромаштија.“*

*Брижит Петоу, Претседател на регионалниот совет на пензионери во Mecklenburg-Vorprommern, Германија*

## Eurochild

### Давање глас на децата и младите

### Зошто работиме на учеството?

**Не можеме да работиме на правата на децата без да ги прашаме што мислат, како и да ги разбереме нивните ставови. Вклучувајќи ги во нашите активности и давајќи им глас е начин за остварување на принципот учество.**

### Контекст

Промовирањето на учеството на децата и младите лица е клучна цел и cross-cutting/суштинска тема во сите активности на Eurochild, применувајќи ја Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на децата, со која се остварува принципот да се слушне нивното мислење по сите прашања кои се однесуваат на нив.

Членовите н Eurochild се посветени за охрабрување на децата и младите да учествуваат во креирањето политики на национално ниво и ниво на ЕУ. Многу од нив исто така вклучуваат деца кои сами одлучуваат во процесите и давањето услуги. Акцентот се става на тие деца и млади кои се најранливи и оттука гласот не им се слуша многу.

Европската година 2010 за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија овозможи не само да се зголеми свеста за тоа колку е значајно на децата да им се даде глас, но и да се зајакне работата на учество на Eurochild преку вклучувањето на децата со инвалидитет и загрозените во разни меѓусебно поврзани активности во текот на годината, некои од нив се прикажани подолу.

**Опис на студиите на случаи**

1. **Младинска средба за детската сиромаштија и социјалната ексклузија**

Во јули 2010 год. 33 деца и млади лица на возраст од 11 до 18 години се собраа во Брисел за да сидкутираат за детската сиромаштија и социјалната ексклузија.[23] Беа избрани од организациите членки на Eurochild во 9 разни земји кои директно работат со деца. Некои беа ранливи деца или доаѓаа од ранливи средини.

Во текот на еднонеделната средба децата добија можност да научат за состојбата на децата кои живеат во сиромаштија во другите земји, кои

[23]www.eurochild.org/index.php?id=208&L=0&tx_ttnews%5Btt_news%5D=531&tx_ttnews%5BbackPid%5D=185&cHa
sh=95a4d8

политики се спроведени за справување со сиромаштијата и дебатирањето што може, според нивно мислење и искуство да се направи за да се искорени детската сиромаштија. Тие исто така се запознаа и со барањето на Eurochild за Искоренување на детската сиромаштија[24] и со ентузијазам ја преземаа улогата на „амбасадори“ на кампањата пред враќањето во нивните земји.

Сите активности беа организирани надоврзувајќи се на партиципативни пристапи кои им овозможуваа на децата да се изразат и охрабрувајќи ги да станат свои лични агенти за промена. Активностите вклучија три главни компоненти: создавање групи/градење групи; учење и размена на искуства и создавање консензус.

Децата се сретнаа со претставници од институциите на ЕУ и на Белгиското претседателствување на ЕУ, а тоа многу им значеше. Можеа директно да ги разменат ставовите со креаторите на политики и да им ги пренесат договорените пораки за најдобар начин за справување со сиромаштијата.

Подоцна истата година, некои од децата учествуваа на конференција на белгиското претседавање со ЕУ за детската сиромаштија и добростојбата каде беа подготвени видеа[25] од децата за време на јулската средба и беа прикажани. Пораките догорени на јулската средба исто беа доставени до парламентот на Европската Комисија и Комесарот за вработување, социјална работа и инклузија паралелно со настанот на Европскиот Парламент на кој децата претставија што имаат направено во своите земји за промоција на борбата против детската сиромаштија.

---

[24] www.endchildpoverty.eu

[25] www.eurochild.org/index.php?id=339

## 2. Учество и подобрување на услугите

Овој пример е еден од студиите на случаи објаснети во изданието на Eurochild *„Вреднување на потенцијалите на децата: Како може детското учество да придонесе во борбата против сиромаштијата и социјалната ексклузија.“*[26]

Англиската членка на Eurochild, Делување на децата[27] има развиено пристап за тоа како да се вклучат децата и младите во регрутивните и селективните процеси.[28] Степенот на учество варира според видот на слободно место, видот на проектот кој врши регрутација, интересот, можноста и разбирањето на вклучените деца и млади.

Вклучувањето на дцата и младите во регрутацијата се смета за исправна уште на самиот почеток од процесот. Сите проект менаџери започнувајќи нова кампања за регрутација добиваат инструкции што ја истакнуваат за положбата на организацијата за учество и одредување соодветни ресурси и водство. Ова гарантира дека вклучувањето на децата се зема предвид рано и со тоа се избегнуваат вообичаените замки како недостаток на време за развивање на пристап или соодветна подготовка на децата за нивната улога. Различни инструменти се достапни за адаптирање на возраста (уште на 6 годишна возраст), способност и интерес на инволвираните деца и млади.

---

[26] www.eurochild.org/fileadmin/ThematicPriorities/Participation/Eurochild/ValuingChildren_sPotential.pdf

[27] www.actionforchildren.org.uk

[28] www.actionforchildren.org.uk/media/43263/the-right-choice.pdf

Исто така се посветува внимание со цел почетокот на секој регрутивен процес, децата да знаат што се бара од нив, која им е улогата, и какво ќе им биде влијанието на исходот од регрутивниот процес. Овозможува тие да се почувствуваат ценети и почитувани преку нивниот ангажман.

**Што функционираше добро**

1. ***Младински настан***

- Со размената на искуства и работењето на конкретната тема им овозможи на децата да се чувствуваат дека се дел од една кауза која ги надминува територијанлите граници
- Имаше вистински дијалог помеѓу децата и донесувачите на одлуки
- Повратната информација и од децата, организациите членки и донесувачите на одлуки беше многу позитивна

***Учество и подобрувањето на сулугите***

- Оценките на децата по секое регрутирање беа многу позитивни
- Вработените вклучени во регрутивните процеси и идните кандидати во вреднуваат детскиот input

**Предизвици на пристапите**

- Децата честопати не сакаат да зборуваат за своите искуства бидејќи се плашат да не бидат стигматизирани, особено кога доаѓаат од различни земји и средини

- Јазикот претставува пречка. Употребата само на англискиот јазик искулучува многу деца од учество. Формалните преведувачи можат да ја нарушат природната размена. Eurochild се грижи некои од младите учесници да знаат доволно англиски јазик за да преведуваат неформално. Олеснувачите треба исто така да внимаваат и да употребуваат јазик кој го разбираат децата и да избегнуваат жаргони на ЕУ или технички термини
- Треба да бидат отворени за она што треба да го кажат децата, иако тоа подразбира дека резултатите ќе бидат различни од првобитно очекуваните
- Возрасните често го потценуваат капацитетот на децата за себеизразување и сметаат дека децата се премногу незрели да разбираат и да го кажат своето мислење за теми кои се сметаат за „прашања на возрасните“
- Финансирањето за активностите за учество не се смета за приоритет. Во смисол на скратување на буџетот проектите на учество се под закана, како и тој опишан овде.

**Влијание и научени лекции**

- Успехот на младинскиот настан отвори можност и ги охрабри Eurochild и организациите членки да изведуваат слични активности на ниво на ЕУ и на национално ниво
- Децата воспоставија цврсти врски и сè уште контактираат едни со други  и со Eurochild преку социјалните мрежи
- На наицонално ниво имаше следна фаза со децата ангажирани во низа активности за промоција на кампањата *Искоренување на детската сиромаштија*, споделување на искуството и учество на настани во рамките на Европската година

- Настанот ги удри темелите за развој на идно постојано учество на децата во Eurochild  и во работата на нејзините организации членки
- Регрутирањето се покажа како добра можност за споделување на моќта и донесувањето одлуки помеѓу возрасните и децата корисници на услуги, вработените и пошироката организација – како и во помошта за подобар избор
- Инволвирањето на децата во регрутивните процеси стана пракса низ работата на Делување на децата и залагањето целиот персонал да ги „научи и сподели“ праксите на учество

Децата често се вклучени во годишните конференции на Eurochild. Членовите се сѐ повеќе ангажирани за промовирање на учеството на децата во националните и процесите на ЕУ за донесување одлуки. Во моментов Eurochild води еден проект да ги дознае ставовите на ранливите деца за своите права и какви решенија предлагаат за да се почитуваат и имплементираат нивните права.[29]

**Мафалда Леал**, Eurochild, Mafalda.leal@eurochild.org

**Сведоштва – лични искуства од учеството**

*„Средбата на децата беше огромно искуство, навистина ми се допадна што ги забознав сите тие прекрасни луѓе и одлично беше*

[29] Зборувајте! www.eurochild.org/?id=454

*што научив нешто за различните земји/култури: тоа највеќе ми се допадна.*

*Кога се состанавме со креаторите на политики мислам дека навистина нè слушаа и многу се заинтересираа за нашето знаење за темава, но, кој би можел подобро да зборува за прашањата за децата отколку тие самите?*

*На децата и младите треба да им се дадат повеќе пожности да зборуваат за овие прашања и проблеми кои често се појавуваат денес во Европа и ширум светот, па на секој треба да му се дадат околу 15 минути да зборува за ова: би било многу интересно и мислам дека ќе го промени светот.“*

*Едуардо, 13, учесник на Конференцијата за детска сиромаштија и добросостојба*

*„Возрасните не знаат во суштина што мислат децата и младите ако не нè прашаат и ангажираат. Не го гледаат истото што и ние и можат да научат од нас. “*

*Морган, 12, учесник на Делување на децата*

*„Учеството ни дава способности, мотивација да правите нешто друго, научив од тоа и ни дава голема доверба. Го стимулира животот и горди сме за она што го правиме. Секое дете и млада личност треба да има можност да се ангажира. Ни дава вештини кои ќе ги користиме во животот и нè става еде чекор понапред.“*

*Ејми, 16, учесник на Делување на децата*

## Eurodiaconia

## Развивање збир од инструменти за учество и поттикнување на корисниците на услуги

### Зошто работиме на учеството

**Квалитетот на животот на корисниците на услуги особено ги зема предвид нивните потреби. На овој начин учеството се гледа како предуслов за охрабрување. Овозможувањето и олеснувањето на корисниците ефикасно да учествуваат во сите процеси за донесување одлуки кој влијаат на нивните животи доведува до оваа контрола. Квалитетот на услугите го подобрува разбирањето за желбите на корисниците, способностите и потребите, а услугите се поадаптирани на поединецот. Се зголемува задоволството на корисниците бидејќи услугите се сконцетрираат повеќе на ова прашање. Искуството покажува дека охрабрувањето е ефикасно во спречувањето на институционализирањето и зависноста од услуги преку негување автономија и мотивација.**

### Краток контекст

Eurodiaconia црпи од дискусиите за квалитетот на социјалните услуги на ниво на ЕУ повеќе години и во 2009 год. изготви документ под наслов „принципи на квалитетот на diaconal/црковни социјални услуги". Исто така црпи и од дискусиите на европско ниво, членовите сакаат да имаат документ кој наведува дека Eurodiaconia преку своите оргазниации членки веруваат дека се квалитет во diaconal/црковните услуги за социјална грижа, како и услугите за кои се залагаат во веќе постоечките центри за давање услуги. Целта е да се погрижат дека услугите се од најдобар можен квалитет.

Eurodiaconia ја претставува поширокатa европска заедница на организации основани според христијанската вера, кои работат според традицијата на Diaconia/црквата, опфаќајќи ги црквите и давателите на социјални и здравствени услуги. Членовите на Eurodiaconia го признаа учеството и оспособувањето како суштински елементи за обезбедување квалитет, адаптирани социјални услуги кои ја поддржуваат автономијата на поединецот. Тие сметаа дека оваа тема треба и понатаму да се развие поради нејзината важност и сложеност и затоа збирот од инструменти беше составен и објавен кон крајот на 2010 год.

**Опис на студијата на случај**

Збирот од инструменти нема намера да даде една дефиниција или да опише само еден од начините на учество или оспособување на корисниците на услуги. Туку, на документот треба да се гледа како на флексибилен извор, за развивање на сфаќањето на организациите за учеството и охрабрувањето на корисниците на услуги и означување почетна точка за размислување и дискусии на внатрешен план за

начинот како да се имплементира и подобри учеството и оспособувањето на различните групи корисници.

Diaconal/црковните организации веруваат дека сите луѓе се направени според Божји лик и дека секој поединец е единствен, со ресурси, како вештини, идеи и компетенции, што можат да го им подобрат квалитетот на живот и да им ги збогати животите на луѓето во нивна близина. Услугата е инструмент за оспособување на поединецот да ги користи тие ресурси, оспособувајќи ги да го остварат својот потенцијал. Оспособувањето на поединците е развоен процес, патување, а не само единствен настан и членовите на Eurodiaconia на него гледаат и како на духовна задача.

**Преглед на збирот инструменти**

Воведот наведува зошто треба да се реализира учество и оспособување на корисниците на услуги. Потоа објаснува зошто организациите членки на Eurodiaconia решија да го произведат збирот инструменти, акко што појаснивме погоре. Следниот дел прикажува разни перспективи на дефинирањето оспособување, како процес или исход. Потоа наведува нкои димензии на оспособување, како разбирање дека вашите одлуки навистина имаат влијание, или верувањето во вашите способности.

Следниот дел содржи /не-нормативни non-perscriptive инструкции за создавање на охрабрувачка средина и системи, опфаќајќи ги и односите помеѓу персоналот и корисниците на услуги и потребата од заедничко развивање на заеднички пристап за учество и охрабрување во една организација. Во поглед на учеството, наведува како корисниците на услуги можат да бидат вклучени во создавањето, извршувањето и

оценката на услугите. Во насока на охрабрувањето предлага како можат услугите да бидат средство за препознавање на ресурсите на корисникот, употреба на истите за реализирање на целосниот потенцијал на таа личност. Исто така содржи упатства за поттикнување на персоналот.

Последните делови содржат линкови до онлајн ресурси каде организациите можат да дојдат до повеќе информации за дискусиите и теориите. Исто така наведуваат некои најдобри примери, како методи на учество и оспособување на разни групи корисници на услуги, вбројувајќи ги и бездомниците и лицата со потешкотии во учењето, од членовите на Eurodiaconia и партнерските организации. **Целосниот избор на инструменти може да се најде тука:** www.eurodiaconia.org/files/Social_and_Health_Care_Services/SERV_25 _10 _Eurodiaconia_user_participation_and_empowerment_toolkit_web.pdf.

Општо земено, членовите на Eurodiaconia работат со и застапуваат маргинализирани групи поради здравје, сиромаштија, правен статус, вработување. Нашите членови се трудат да обезбедат услуги кои ќе ги исполнат најразличните сложени и заемнозависни потреби, но исто така бараат да се оспособат корисниците самите да си бидат застапници и активно да учествуваат во грижата. Беа консултирани членовите и партнерските организации со особено искуство во учеството и оспособувањето на корисниците со инвалидитет, и физички и ментален, како и давателите кои работат со услуги за бездомници. Конкретни методологии за работа со тие групи се вклучени во збирот од инструменти.

**Што функционираше добро**

Членовите на Eurodiaconia го ценат непрескриптивниот пристап на збирот инструменти, кој наведува одлични примери на пракси и дава преглед на различните пристапи на учество и оспособување и предлага упатства.

Тимулираше дискусии помеѓу бројни членови на Eurodiaconia, а извесен број од нив планираат да разговараат за збирот од инструменти и како понатаму да ги развијат шемите за учество и оспособување во нивните услуги. Некои членови го преведоа збирот од инструменти на нивните официјални јазици.

**Предизвици на пристапот**

Неопходно е да се вклучи персоналот во планирањето и спроведувањето на шемите за учество и оспособување на корисниците; заедничко разбирање за поимот оспособување треба да се развива во организацијата и системот треба да се заснова на него.

Работната средина треба да е таква во која гласот на корисниците ќе се чуе и ќе се делува и средината треба да охрабри и изгради почит за корисниците и за персоналот да има волја да учи од корисниците.

Развојот на шемите за учество и оспособување на корисниците, особено на ранливите групи лица со инвалидитет можеби ќе донесат многу трошоци на почетокот, но, како што наведовме претходно, тоа дава долгорочни резултати.

**Научени лекции**

Збирот од инструменти ѝ помогна на Eurodiaconia да изгради конкретна експертиза заснована на искуствата од членовите, овозможување размена на најдобрите пракси во мрежата и од партнерските организации.

Eurodiaconia беше вклучена во Третиот форум за социјални интереси од општ интерес и ги претстави учеството и оспособувањето на корисниците како клуч за обезбедување квалитетни социјални услуги во период на криза. Оваа точка беше одбрана на заклучоците на конференцијата, давајќи ѝ на темата висок профил.

Eurodiaconia ќе придоноесува за промовирање на збирот инструменти, охрабрувајќи ги членовите да го користат за развивање системи на учество и оспособување каде сè уште ги нема или за оценување на постоечките системи. Eurodiaconia ги охрабрува мрежите од црковните организации и поедини институции да разговараат за збирот инструменти и да дадат повратна информација до секретаријатот за овој текст. Европскиот форум за лица со попреченост ќе го испрати до своите членови и се надевеме дека ќе добиеме повратна информација од корисниците на овој начин.

**Лаура Џоунс**, Виш службеник за развој на политики и членство,
Laura.jones@eurodiaconia.org

**Сведоштва – лични искуства од учеството**

Проектот Ескмилс овозможува сместување на 18 корисници на услуги со проблеми во учењето во домови во заедниците во Маселбургс и Портобело во Шкотска. Со него раководи CrossReach, член на Eurodiaconia. CrossReach е Совет за социјална грижа на шкотската црква. Проектите на CrossReach за лицата со потешкотии во учењето водат форуми за корисници на услуги да дискутираат за услугите и истите се претставени во збирот инструменти на Eurodiaconia.

*„Член сум на форумот за корисници на Ескмилс и многу сакам да посетувам средби и да го кажам своето мислење. Сакам да им кажам на луѓето како се чувствувам и како зборувам за работите кои се важни... како што се моите одмори и пазарењето. Сите се пријателски настроени и пристапни и можам да зборувам во свое име.“ РБЈ*

*„Сакам да го посетувам форумот за корисници и да патувам за Глазгов за средби. Уживав кога бев претседател на форумот за корисници на услуги. Сакам да ми даваат одговорности и тоа ми даде самодоверба гласно да го изјаснам моето мислење на другите средби. Сакам да запознавам нови луѓе на средбите.“ ХФ*

*За повеќе информации:* www.crossreach.org.uk/node/354

**Клучни пораки од студиите на случаи**

**Триенаесет членки на ЕАПН објавија 15 студии на случаи за начинот на кој го градат учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија во организациите и во креирањето политики. Овие студии на случаи претставуваат добар приказ на разните фази и нивоа на градење учество на луѓето кои живеат во сиромаштија низ Европа. Додека секој од нив го разгледува учеството од различна перспектива, испратени беа заеднички пораки.**

**Потребна е посветеност на највисоко ниво во донесувањето одлуки:** Учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија далеку е од структурно вграден во креирањето политики и претежно е иницирано од организациите за борба против сиромаштијата. Сепак, сите засегнати страни кои се ангажираат во овој процес стануваат строго убедени за потребата да се инвестира во него. Средбите на луѓето кои жшвеат во сиромаштија сега се пракса на разни нивоа низ Европа. На секој средба се донесуваат нови предлози за политики и нови начини за работење заедно. Додека очекувањата за остварување се високи, а соработката не е секогаш лесна, учеството е работа во тек и **неопходно е донесувачите на одлуки на**

**највисоко ниво да ги прифатат овие препораки и поодлучно да притискаат за директно вклучување на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија.**

**Давање значење на учеството, избегнување разочарувања:** Неколку од студиите на случаи покажуваат дека додека се прават значајни напори за создавање простор за директно учество на луѓето што живеат во сиромаштија и социјална ексклузија, овие не го имале отсекогаш очекуваното влијание на начинот на кој гледаат на процесот креирање политики донесувачите на одлуки, засегнатите страни, вклучувајќи ги и НВО. Во многу ситуации, луѓето кои живеат во сиромаштија и се ангажирани, честопати се разочарани со процесот и понекогаш разочарани од резултатите. **Очекуваат да видат резултати од нивниот ангажман и ова треба да биде очекувано од лицата кои иницираат директно учество.**

**Акцент на процесот:** Подготовката и следните фази се клучни моменти за заедничко истражување на очекувањата на поединците и групите, кога се ангажираат во работата на учеството. Честопати овие два дела од циклусот креирање политики не добиваат големо внимание за финансиски и други причини. Имајќи го ова на ум, студиите на случаи **го истакнуваат градњето процеси и доверба. Давајќи доволно време, обука и поддршка, оценувајќи ги резултатите од учеството, разгледувајќи го влијанието врз реалноста, заедничко анализирање на резултатите и планирање на следните чекори се состојки за позитивни промени кои произлегуваат од партиципативните пракси.**

**Колективно оспособување – вреднување на врските меѓу искуството и креирањето политики:** Додека имаме предвид дека учеството започнува со индивидуално ангажирање, студиите на случаи во ова издание

покажуваат дека организациите за борба против сиромаштијата **развиваат методи за колективно оспособување преку редовни средби, партиципативни структури во рамките на организациите, соодветни програми за обука и поддршка, редовен простор за дијалог со краторите на политики и другите актери. Оваа колективна работа придонесува за личен развој и за разноликост во рамките на организациите.** Сведоштвата потенцираат како луѓето го кршат стравот и изолацијата и бараат да преземат иницијатива, да бидат активни во групи и организации и надоврзувајќи се на нивното лично искуство за развивање **колективна анализа за секојдневието на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија. Претставува вид на работа кој придонесува за поактивистичка улога на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија во рамките на организациите за борба против сиромаштијата и во процесите за креирање политики.**

**Допирање до новите групи:** Децата кои се борат за искоренување на дестаката сиромаштија, властите кои се консултираат со старите лица кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија, луѓето кои живеат во крајна сиромаштија ги менуваат пристапите во истражувањето, невработените лица обучени да обезбедат услуги, разговарајќи со поранешни корисници на дрога за социјалната интерграција, спроведувајќи истражување со поранешни престапници, вклучувајќи мигранти во работите на локалната заедница или имплементирање на учеството на корисниците на услуги во обезбедувањето грижа се некои од групите и активностите што ги опишуваат студиите на случаи. Со постојано **извршување на овој вид теренски активности и активности за инклузија, организациите создаваат основа за промена во политиките и развивање добри пракси што можат да бидат спроведени во поголеми размери. Ова исто така помага при идентификувањето форми на сиромаштија кои не ги разгледуваат политиките и групите кои не му припаѓаат на системот.**

**Разговори со другите актери – градење сојузи со медиумите:** Медиумите играат огромна улога во начинот на кој општството ја гледа сиромаштијата и луѓето кои живеат во сиромаштија, како и на начинот како политиките и системите за социјална работа се справуваат со нееднаквоста. Досега медиумите кои известуваат за сиромаштијата беа негативни со што се зајакнаа негативните стереотипи, но постојат примери на соработка помеѓу организациите за борба против сиромаштијата со медиумите кои направиле разлика. **Средбите на еднакво рамниште, дискутирајќи за претставувањето на сиромаштијата и луѓето кои живеат во неа, организирањето обуки, објавувањето позитивни стории и развивањето новинарски водичи за тоа како да се пишува за сиромаштијата се некои од примерите за работата која ја вршат организациите за борба против сиромаштијата заедно со медиумите.** Сè уште има групи до кои треба да дојдеме, вклучувајќи ги претприемачите и приватниот сектор, фондациите, уметничките и културните организации, како и образовните и академските институции. Работењето со медиумите, кампањите и формирањето сојузи со другите актери ќе придонесе за подобро разбирање на сиромаштијата и поголема ангажираност.

**Разноликоста носи креативност – развива инструменти.** Сите студии на случаи објавени во оваа книга развија цело богатство нови адаптибилни и употребливи инструменти. Некои беа преведени како упатства за креаторите за политики, а други како збир од инструменти за застапување или давање услуги. **Учеството носи богат и позитивен диверзитет од пристапи. И покрај сите предизвици, организациите за борба против сиромаштијата се ангажираат во партиципативна работа бидејќи позитивно ги менува поединците, организациите, политиките и крајно тие водат до едно подемократско и поинклузивно општество.**

**Додека организациите и понатаму се лидери, заложбите и поддршката на донесувачите на одлуки на највисоките нивоа се суштествени за оваа трансформација на социјални политики да продолжат на начин кој создава поеднакви општества и доведува до подобар живот за секого.**

**Тања Басараб,** ЕАПН,
tanya.basarab@eapn.eu

**Корисни ресурси и инструменти за дополнителна литература**

Доколку сакате повеќе да се информирате за учеството на организациите или имате прашања за студиите на случаи или инструментите претставени во оваа книга, следниов список е добар за почеток:

- Интернет страната на ЕАПН Австрија содржи многу ресурси и изданија за работата со медиумите на Мрежата како и за smartmobs и друг вид кампањи и активности за зголемување на свеста, на германски јазик: www.armutskonferenz.at.
- Интернет страната на ЕАПН Република Чешка на чешки www.eapncr.org и линк до делот од проектот поврзан со помовирање на учеството во Националниот акционен план за социјална заштита и социјална инклузија: www.napsi.cz/participace
- Страната на ЕАПН Ирска за учеството вклучува и студија на *лекции и учење надвор од Ирска за градење ефикасно консултирање и учество* како и други корисни информации www.eapn.ie/eapn/participation/people-experiencing-poverty
- Интернет страната на ЕАПН Франција на проектот за инструментите на Отворениот медот за координација и производите развиени во текот на проектот вклучувајќи и книга со предлози на француски јазик: www.armeedusalut.fr/nos-actions/europe/moc-europe.html.

- ЕАПН Полска и изданието на ATD Варшава на полски јазик *Она што го кажуваме ги менува нашите животи* www.eapn.org.pl и www.atd.org.pl.
- Интернет страната на Португалија на португалски јазик www.eapn.pt содржи многу изданија и онлајн ресурси поврзани со учеството и сиромаштијата. Видете ја книгата *Pequenas Experiências, grandes esperanças!* www.eapn.pt/publicacoes_visualizar.php?ID=66.
- *Методолошкиот водич за социјално учество на луѓето кои живат во сиромаштија и социјална ексклузија на ЕАПН Шпанија на шпански јазик:* www.eapn.es/index.php/publicaciones/propias-deeapn/215-guiaparticipacion. Можете да најдете други корисни ресурси, заедно со водич за новинари кои размислуваат за бездомништвото и други изданија на www.eapn.es
- Интернет страната на Алијанса на сиромаштијата за проектот *Докази-учество-промени*, вклучувајќи ги сите резултати прозиведени од разните фокусни групи како и резултатите на двата шкотски парламенти за справување со сиромаштијата www.povertyalliance.org/projects_detail.asp?proj_id=1
- Интернет страната на центарот за невработени на Дербишир www.duwc.org.uk. За да го прочитате збирот од инструменти на Да нè чујат развиен од англиската Коалиција против сиромаштијата која вклучува членки на ЕАПН, посетете ја www.expandinghorizons.co.uk/ftp/documents/NAP_Social_Inclusion.pdf
- Интернет страната на ATD Fourth World има многу корисни ресурси за учество на луѓето кои живеат во крајна сиромаштија како и други области на работа на оваа глобална организација www.atd-fourthworld.org/en.html.
- Водичот за граѓански дијалог за промовирање на социјалната инклузија на старите лица при Платформата AGE може да се најде тука www.age-platform.eu/images/stories/106_AGE-civil-dialogue-UK-

web.pdf. За повеќе информации за проектот ИНКЛУСАГЕ* посетете ја www.age-platform.eu/en/action-name-02

- Книгата на Eurochild: *Врднување на детскиот потенцијал – како учеството на децата придонесува за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија* www.eurochild.org/fileadmin/ThematicPriorities/Participation/Eurochild/ValuingChildren_sPotential.pdf.
- *Збир од инструменти за учество и оспособување на корисниците* на Eurodiaconia: http://eurodiaconia.org/social-services-policy-269/quality-in-social-care-policy-306?task=blogcategory

Сите изданија на ЕАПН и policy papers/документи на политиката, вклучувајќи ги и Мали чекори-големи промени, како и други изданија за учеството, акко и насловите чии референци се дадени во Поглавјето II можат да се спуштат од нашата интернет страна www.eapn.eu.

За прашања поврзани со ова издание или нашата работа на учеството, контактирајте ја tanya.basarab@eapn.eu

-----------------------------------------БЕЛЕШКИ -----------------------------------------------

Ова е второ издание на Епропската мрежа за борба против сиромаштијата (ЕАПН) во кое ги истакнува иницијативите на членките за зајакнување на директното учество на лужето кои живеат во сиромаштијара во органиазациите и во креирањето политики. Триенаесет организации ни прикажуваат петнаесет студии на случаи на методи, проекти, збирови од инструменти, средби кои доведуваат до поразновидни и инклузивни организации, партиципативно креирање политики и подемократски општества во Европа. Во нашите цели за една посоцијална и демократска Европа, во која нема сиромшатија и секој ужива во својот живот, се бориме да ја зајакнеме праксата во водството и да се погрижиме учеството да ги охрабри луѓето во процесите за донесување одлуки.
При опишување на студиите на случаи, членовите размислуваа за следниве прашања:
Зошто работиме на учеството? Во каков контекст се разви искуството? Кои се успесите и предизвиците? Како влијаеше оваа работа врз нашата организација?

ИНФОРМАЦИИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТАКТ
За повеќе информации за ова издание и за работењето на ЕАПН во областа на вработувањето, контактирајте ја
Тања Басараб, EAPN службеник за развој: tanya.basarab@eapn.eu

Видете ги изданијата и активностите на EAPN: www.eapn.eu

**Европската мрежа за борба против сиромаштијата (EAPN) е независна мрежа од НВО и групи вклучени во борбата против сиромаштијата и социјалната ексклузија во земјите-членки на ЕУ, основана во 1990 година. Заедно членките на ЕАПН имаат за цел да ја стават за приоритет борбата против**

**сиромаштијата и социјалната ексклузија на агендата на ЕУ и да обезбедат соработка на ниво на ЕУ во насока на искоренување на сиромаштијата и социјалната ексклузија.**

Европска мрежа за борба против сиромаштијата. Дозволено печатење, под услов да се наведат изворот на текстот. **Јануари 2012 год.**